СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 март 1997 година

Скопје, март 1997 година

## ПРВО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 61-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 4.03.1997 ГОДИНА

1. АБДИ ФАИК -20, 79, 80
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 75
3. ГАЈТАНОВСКИ ИЛО - зам.мин.во Министерството за внатрешни работи дневен ред:
4. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН – 42
5. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 47, 62, 86
б. НАУМОВСКИ ВЛАДИМИР 4
7. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1, 76
8. ПРУСИ АБДУРАУФ - 16, 35
9. ПОПОВСКИ НИКОЛА (Г) - 66, 70
10. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 81
11. РАМАДАНИ ИСМЕТ – 10, 13, 22, 36
12. РАМАДАНИ САЛИ - 22, 27, 33
13. РАМАДАНИ ХИСЕН - 44, 45.
14. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 8, 18, 29, 31, 36
15. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 32, 77
16. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 33, 38, 65
17. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН - 55
18. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 27, 30, 34
19. ЧАДИКОВСКИ ЉУБОМИР - 52, 63
20. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 57, 74, 83

<u>дневен ред:</u>

Точка 4 - стр.1
Точка 5 - стр.2
Точка 6 - стр.4 (ВЕРСКИ ЗАЕДНИЦИ И групи стр.37- заклучок )
Точка 7 - стр.38 (државна безбедност)
Точка 8 - стр.84
Точка 9 - стр.86 (именување на секретар на Собранието на РМ - Ѓорѓи Стрезовски)
Точка 10 - стр.88
Точка 11 - стр.90

крај на седницата

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Првото продолжение на Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 4 март 1997 година

Седницата се одржа во сала 1 со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-дин Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Владе Давитковски, Благоја Начевски и Горѓи Атанасов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството на пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дозволете ми во Ваше и во мое име да му го честитам роденденот на пратеникот Звонко Каров и да му посакам добро здравје и успех во работата (аплауз).

По повод донесувањето на Законот за ратификација на Конвенцијата за заштита на правата на човекот и основните слободи и на Првиот протокол, Протоколот број 4, Протоколот број 6, Протоколот број 7 и Протоколот број 11 кон Конвенцијата пратеникот Никола Г. Поповски предложи Собранието да го усвои следниот заклучок:

Собранието оценува дека е потребно Владата на Република Македонија да изготви информација за остварената процедура за

утврдување на Предлогот за избор на судија на Европскиот суд за правата на човекот од Република Македонија според член 22 став 1 од протоколот број 11 кон Конвенцијата за заштита на правата на човекот и основните слободи и да ја достави до Собранието на Република Македонија во рок од 30 дена.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Точка 5 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за културна и просветна соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за културна и просветна соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска

Кој е за, молам да крене рака?

65 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучок е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?

62 пратеници гласаа за. Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?

63 пратеници гласаа за?

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Договор за култура и просветна соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска.

Точка 6 - Предлог за донесување на закон за верските заедници и религиозните групи.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес, молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Владимир Наумовски, министер во Владата на Република Македонија.

**ВЛАДИМИР НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, со неколку зборови да ја образложам потребата од донесување на овој Предлог закон. Донесувањето на Уставот на Република Македонија го означи отпочнувањето на сложениот процес на трансформација на општествените односи и процеси во нашата земја во насока на прифаќање на современите цивилизациски дострели во развојот на парламентарната демократија и пазарното стопанство. Со тоа Република Македонија прави чекор напред кон слободниот и демократски свет. Социјалната трансформација е длабок и сеопфатен процес кој ги зафаќа сите сфери на општествениот живот. Во таа смисла тој го засегнува и прашањето на уставната поставеност и загарантираност на вероисповеста, како и правата и слободите на луѓето во сферата на изразување и практицирање на верските чувства.

I/5.-

Поаѓајќи од ваквите определби, сложеноста и значењето на проблематиката на вероисповеста како и со оглед на бројноста на верските заедници и религиозните групи во Република Македонија се наметна потребата од законско регулирање на оваа значајна материја во согласност со уставните определби и меѓународните цивилизациски стандарди на овој план.

При подготвувањето на законскиот текст за верските заедници и религиозни групи појдовна точка беше да се операционализира орпеделбата од Уставот на Република Македонија од 1991 година кој во член 19 ја гарантира слободата на вероисповеста. Според Уставот Македонската православна црква, другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред законот. Тие се должни својата дејност да ја вршат јавно и во согласност со Уставот, законите и другите прописи. При тоа, законот е базиран на неколку основни начела, а тоа се: одвоеноста на црквата од државата, гарантираното право и слобода на граѓаните во изразување на вероисповеста, слободата и јавната работа на верските заедници и религиозни групи.

Со понудениот текст на законот за верските заедници и религиозните групи се настојува на единствен начин да се уредат односите во сферата на изразување на вероисповеста. Тоа посебно се однесува на местото и улогата на верските заедници и религиозните групи,јавноста во нивната работа, начинот на нивното основање и работа, како и прашањата на верската поука и верските училишта.

Предложениот текст на законот, исто така, предвидува и соодветни казнени одредби за непочитување на утврдените правила на однесување од страна на субјектите кои се наведени во овој текст.

I/6.-

На крајот се поместени и преодните и завршните одредби. почитувани пратеници, верската мапа на Република Македонија ја карактеризираат повеќе облици на религиозно здружување со доминација на Македонската православна црква. На оваа територија постојат и дејствуваат поголеми, помали, побројни и помалобројни верски заедници односно религиозни групи што, дозволете да напоменам, претставува и нејзино своевидно богатств , а не хендикеп.

Законското регулирање на таа разноликост на вероисповести, на верски заедници и религиозни групи ја наметна потребата законот нив да ги дефинира, да им го определи местото во новото општествено политичко уредување, да обезбеди демократски пристап и амбиент за нивно дејствување, да го овозможи увидот на јавноста во нивниот делокруг, како и на демократски основи да ја постави релацијата држава - црква. При тоа, со поимите, верска заедница и религиозна група кои се уставни категории се опфатени сите можни конфесионални групи на територијата на Република Македонија и се третираат како еднакви пред законот.

Во член 34 се потенцирани Македонската православна црква како продолжувач на Светиклиментовото се народно црковно македонско дело како и Исламската заедница и Римо-католичката црква. Тоа не значи дека се игнорира или негира постоењето на другите цркви, верски заедници или религиозни групи или се негира нивната еднаквост пред законот или пак се сака да се намалат нивните права. Понудениот законски текст нема дискриминаторски однос туку тој ги третира и ги изедначува во нивните права сите верски заедници и религиозни групи согласно со определбите од член 19 од Уставот на Република Македонија.

Во член 8 од понудениот текст Верската заедница се дефинира како доброволно организирана непрофитна заедница на верници од иста вероисповест.

Во член 9 религиозната група се дефинира како доброволно непрофитно здружуваше на верници со исто верско убедување кои не припаѓаат на вероисповест за кои е организирана верската заедница.

Според истиот член граѓаните можат слободно и јавно да основаат религиозни групи во согласност со овој закон.

Исто така верските заедници и религиозните групи во постапка и под услови утврдени со овој закон може да основаат верски училишта како социјални и добротворни установи.

Понудениот законски текст утврдува дека верските заедници односно религиозните групи се слободни во вршењето на верските работи со верски обреди и својата дејност ај вршат согласно Уставот, законите и другите прописи. При тоа, верските собири, верските обреди, верскиот печат, верската поука, верските училишта и други видови на изразување на верата се автономни активности на верските заедници и на религиозните групи и се во нивна потполна надлежност со исклучок во случаи кога заради пошироки општествени интереси надлежниот орган може поинаку да го наложи нивното изведување.

Почитувани пратеници, со законскиот текст што се наоѓа пред Вас се има за цел да се обезбеди непречена и слободна дејност на верските заедници и религиозните групи согласно демократскиот карактер на македонското општество. Всушност со законот за верски заедници и религиозни групи се настојува македонската држава преку еден демократски приод законски да го регулира извршувањето на верските работи и верските обреди на нејзината територија и со тоа да го прошири

просторот на демократија на нејзината територија и уставно уредување.

Во предложениот текст во добар дел се земени во предвид забелешките од повеќе верски заедници односно религиозни групи, меѓу кои се од Македонската православна црква, Исламската верска заедница, Румо - католичката црква и други.

Почитувани пратеници, Ве повикувам овој Предлог за донесување на закон да го прифатите. При тоа напоменувам дека сите конструктивни забелешки сугестии од расправата по комисиите на собраниската седница ќе бидат вградени во текстот.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам,

Има збор г-дин Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги и почитувани министри, иако се носи овој Предлог за донесување на закон, јас ќе се осврнам накратко за неколку точки кои директно доколку ги земат во предвид ќе разрешат некои дилеми во поглед на текстот и се што е во врска со овој закон.

Ние деновиве донесовме или предложивме пред Собранието два закони кои се однесуваат за црквите. едниот беше повлечен, тоа беше предлогот за враќање на имотот на Македонската православна црква, кој беше повлечен и другиот овој , кој го третира прашањето за верските заедници и религиозни групи. Сметам дека сите закони кои се носат во

овој висок дом мораат да се потпираат на словото на Уставот во сите елементи. Јас ќе Ви го прочитам Уставот, член 19. " Се гарантира слобода на вероисповеста, се гарантира слободно и јавно , поединечно или во заедница со други изразувања на верата." Е, сега ова е многу важно, "Македонската православна црква , другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред законот." Ние сега овде носиме закон за верски заедници и религиозни групи. Законот точно, структурално ги подреди Македонска православна црква, верските заедници и религиозни групи. Во претходниот, да не бидам не до крај, на некој начин да се двојам по овој закон, исто пак во претходниот закон кој беше повлечен, беше враќање на имотот на Македонската православна црква. Тоа исклучуваше и други субјекти кои овде постојат да бидат внесени во законот кој беше повлечен.

Бегло би навратил на неколку члена, а тоа е членот 8 каде што вели за една вероисповест треба да постои една заедница. Мислам дека тука, тоа решение, треба да се преиспита. Ние може од една вероисповест да имаме повеќе заедници. Да кажеме Исламската вероисповест , таму има членови македонски муслимани, кои можеби сакаат да си формираат своја заедница . Или турците, тие се исламска вероисповест, меѓутоа можат да формираат своја заедница. И, тука треба ние во текстот, евентуално да допринесеме да го направиме што подемократичен и сите да се најдат во тие наши предлози.

Во член 24 се бара писмена согласност до родителите и тука би сакал да се размисли дали родителите со тоа не го земаат правото во давање согласност да се посетуваат верски училишта или поуки.

I/10.-

Во член 34 е цитирана Македонската православна црква и другите верски заедници , исто така и римо-католичката црква. Јас мислам дека во тој член ние мораме , знаеме дека во Македонија егзистираат повеќе цркви како што се, Методистичка, Евангелистичка, Бактистичка и други цркви и мислам дека и тие на некој начин треба да бидат спомнати во тој закон во кои и другите. На крајот на краиштата член на Бабтистичка црква колку што јас знам е и Бил Клинтон. И, овие цркви кои ги спомнав имаат долгогодишно искуство и работење во оваа држава.

Според тоа се залагам сите овие напомени кои ги реков да бидат внесени и разгледани по комисиите и на предлагачот од законот

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ.**

Господине рпетседателе, дами и господа пратеници, јас уште на почетокот го делам мислењето односно го поддржувам излагањето на господинот министер дека навистина имаше потреба да се донесе ваков закон и министерот ми ги објасни причините зошто треба да се донесе законот односно и основните начела на овој закон .

Јас тука само уште би додал дека треба да се донесе и тоа со една постапка, која веројатно, сега сме во постапка на Предлог за донесување, уште ни престојува Предлог на закон и да се донесе, затоа што овој меѓу простор и ова меѓувреме се искористи да ни се јавуваат проблеми од аспект на организирање и други аспекти во верските заедници.

I/11.-

Исто така тука има можеби мои други размислувања во врска со тоа кога правиме градација на верските заедници, тука законодавецот, односно предлогот веројатно е повикан од самиот член на Уставот каде што ние навреме сме кажале и како пратеничка група, па и јас се сеќавам дека не е добро да се направи некоја градација на верски- те заедници како што пишува во член 19 од Уставот , Македонска православна црква и потоа, и другите, затоа што веќе се подразбира тоа дека како да не се ставени на исто ниво односно се привилегира една од верските заедници.

Меѓутоа тоа што е тоа. Јас исто така имам информации како пратеник дека Комисијата при Владата на Република Македонија за верски прашања во овој случај бидејќи предлагач е и министерот од Владата, веројатно ги обавил сите разговори, сите консултации и добивал мислења од компетентни , од верските заедници и колку што ми е познато мене дел, односно доста од тие прибавени мислења веќе се инкорпорирани односно ставени во предлогот за донесување на законот за верските заедници и религиозни групи.

Исто така овој закон оневозможува да се злоупотреби самото организирање во рамките на една верска заедница и формирање на религиозни групи. Зошто го велам тоа? Затоа што имаме примери кои не се добри, кои се случуваа и во Исламската верска заедница и во македонската православна црква, во ова меѓувреме, во врска со нивното организирање односно во врска со тоа што е регистрирање односно регистрација на одредени верски односно религиозни групи. Не е само мое мислење, тоа се мислења прибавени исто така и од верските заедници. Добро е што сега ова го прецизира и добро го пропишува и законот, во рамките на една верска заедница не можат да се регистрираат други верски заедници затоа што добро се знае во Република Македонија имаме три верски заедници, нормално е дека има

и религиозни групи. Така да тука веќе не се согласувам и со претходниот дискутант кој инсистираше по национална припадност да има регистрирани верски заедници затоа што во самите начела односно во основните начела се вели дека имаме една одвоеност на црквата од државата во Република Македонија. Зошто го велам ова. Законот е добар затоа што оневозможува такви пропусти, а ние имаме еден флагрантен случај минатата година во Верската заедница , мислам во Исламската верска заедница.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (продолжение)

Ако се сеќавате, се случи Кабинетот на претседателот на Републиката да упати честитки за двајца поглавари , што значи дека тоа беше една грешка што мислам дека потоа и се призна дека е грешка затоа што во рамките на една верска заедница се регистрира друга верска заедница, односно исламска и муслиманска, а што всушност значи исто, припаѓа во рамките на една исламска заедница.

Исто така, мислам дека Законот добро прецизира и понатаму во другата фаза, при донесување односно при предлагање на законот како последна верзија пред пратениците, треба да продолжи соработката со претставниците односно со верските заедници на РМ, затоа што мислам дека законот добива и во содржина и од аспект на тоа што се посебни одредби на законот, затоа што мислам дека имаме таму компетентни луѓе кои верското организирање го знаат многу подобро, многу подобро. А, најдоброто е тоа што во Комисијата во Владината комисија да има членови од претставници на трите верски заедници за да можат понатаму и подобро да соработуваат и да се донесе што поквалитетен закон.

Јас не знам, можеби тука, може да се направи и некоја грешка бидејќи материјата е таква што можеби и немаме доста познавања за овие работи но исто така треба да се прецизира односно да се прибави мислење од верските заедници, иако имаме изборни закони односно закон за избори, меѓутоа се случуваат некои работи и во исламската верска заедница кога службени лица од одредена верска заедница активно се бават со политика, односно сакаат да се бават и се кандидираат и законот тоа треба да го пропишува.

Еден од тие закони, дали тука, дали во Законот за избори затоа што јас немам ништо против тие лица кои се кандидираат меѓутоа, кога

се јавува некој како кандидати веќе нема лојална конкуренција, мислам меѓу тие кандидати. Кога велам нема лојална конкуренција затоа што пред масата, обично, верските кандидати кои професионално се бават со вера имаат можности многу повеќе да манипулираат и, да не претерувам, понекогаш кажуваат работи кои се , еве да launches речеме можат да се појават и со такви дискусии кога даваат визии за другиот свет односно за рајот и пеколот. Мислам дека ова се работи кои веќе и во конкуренција за одредена функција, во овој случај пратеници итн. мислам дека треба да се прецизира дали можат или не можат да бидат пратеници.

За да не земам збор уште еднаш при општиот претрес имам некои интервенции кои набрзина можам да ги кажам, да се формира религиозна група, мислам дека е во член 10 малку е со 50 полнолетни лица државјани на РМ, затоа што навистина можат да ми се појават толку многу религиозни групи што нема ниту простор ниту место во РМ да се формираат толку религиозни групи.

Во членот 13 каде што вели религиозните групи за кои е утврдено дека е основано во согласност со овој закон се запишуваат во регистарот што се води кај органот надлежен за прашањата на верските заедници и религиозните групи. Мислам дека тука треба да се додаде нова алинеја, по претходно прибавено мислење од верската заедница. Веројатно верските заедници се консултираат но добро е затоа што верските заедници односно луѓето во верските заедници најдобро ги познаваат работите во однос на формирање на други религиозни групи што се помалубројни.

Има едно мислење, мислам дека тоа го бараат поглаварите на верските заедници за да имаат имунитет. Да уживаат имунитет. Мое мислење е, би требало, затоа што сепак се поглавари на верските заедници, главните верски заедници, најбројните во РМ и не е добро да

се консултираат уште еднаш и тоа да им се удоволи како нивна сугестија односно нивно барање.

Во членот 16, добро е да се додаде "верските заедници односно религиозните групи можат да основаат хуманитарни и други здружение од нивниот делокруг" иако мислам дека такви веќе постоја Не сум сигурен дали се во делокругот на верските заедници иако има тука, во другите одредби, пропишано односно има ставови што оваа работа ја регулираат.

Во членот 18 да се додаде "и сите јавни верски обреди молитви и други да организираат исклучиво верските заедници односно религиозните групи".

Во членот 20 место "свештени лица" да можат тука да го најдат местото сите три главни религии односно верски заедници, добро е да се употребува "верски службени лица" за да одговара на сите три верски заедници. И, да се додаде, "Лицата кои се наоѓаат на отслужување на воен рок во АРМ, лицата кои се наоѓаат на издржуваше казна затвор или се упатени во воспитно образовни домови исто така да можат да ги уживаат правата што ги пропишува една верска заедница односно една религија".

Во членот 22 јас не знам, не е лошо и тука да се пропише со една алинеја односно став, што со имотот на верските заедници и корисниците односно верските заедници што користат објекти итн, добро е да се ослободат, бидејќи тие се издржуваат со нивниот имот со тоа што го добиваат како кирија, да се ослободат од плаќање данок.

Во четвртото поглавје каде се предвидени казнени одредби, во членот 30, при предвидување на казнени одредби не е лошо, мислам добро е да се предвидат казни и за оние лица кои неовластено печатат материјал со верска содржина и лица кои неовластено организираат

јавни обреди. Треба да се пропише точно за да се знае кој може да организира, кој може да се бави со овие активности.

Се надевам дека и понатаму ќе продолжи соработката со верските соработници и ќе имаме добар закон за верските заедници и верските групи.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Г-дин Пруси има збор

**АБДУРАУФ ПРУСИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа,

И јас сакам да го изнесам своето задоволство од донесување на еден закон, оваков закон поради тоа што мислам дека ќе се направи еден ред во работата на верските заедници во РМ, како и на религиозните групи. Освен тоа што го кажа г-динот Исмет Рамадани, навистина многу забелешки што тој ги кажа и јас мислев да ги кажам, но еве ќе се потрудам да наведам само некои работи што мислам дека треба да се вградат во текстот што денеска ни е даден.

Прво, би сакал да нагласам и тоа дека по некоја случајност го имав и првобитниот текст од законот за верските заедници што беше даден за разгледување во верските заедници. Со задоволство можам да констатирам дека доста забелешки што беа дадени од верските заедници се вградени во овој текст што денеска го разгледуваме.

Меѓутоа, сепак би сакал некои мои забелешки во врска со текстот.

Пред се би сакал да се осврнам на финансирањето на верските заедници. Овој закон има доста ограничкувачки карактер поради што се ограничува собирање на членарина и некои други давачки од кои што

фактички верските заедници се финансираат. Да се разбереме, тоа е единствен начин, преку членарина верските заедници да можат да се финансираат. А тоа, како што е предвидено во Законот, има некои ограничувачки дејствија. Знаете, сепак и кај политичките партии се плаќа одредена членарина ако сакаш да бидеш член на одредена политичка партија. Не сакам да направам паралела помеѓу политичките партии и верските заедници но сепак знаејќи во каква ситуација се верските заедници би сакал да предложам да не им се ограничува плаќање на членарина, како што е предвидено со законот, иако со некои други одредби тоа се дозволува.

Исто така, ми се чини дека кога се работи за верската поука, тука има одредени ограничувања со одредени прашувања на малолетни деца. Тој дел ми се чини дека идеолошки е доста некако оптоварен. Тука треба малку полиберално да се однесува Законот. Се работи за верска поука а не за верска настава. Не верувам дека некој некого може со сила да натера да врши верска поука.

Кај казнените одредби, сакам да нагласам дека и кај религиите главни во РМ; а тоа е Православната верска заедница, Исламската верска заедница и Римокатоличката црква постојат одредени специфичности. Овде, еве, само би се спротивставил на г-динот Станковски кој предлагаше нешто што веројатно тој го предложил по-ради непознавање на работите.

Исламската верска заедница, односно во исламот се предвидени сите категории на националност, меѓутоа во исламот сите се подеднакво застапени. Тука не може исламот да се дели по национална основа така што и самата верска заедница не може да се дели по национална основа. Така работат сите верски заедници во светот. Значи, во исламот сите националности се рамноправни и од тој аспект и верската заедница

ги собира сите националности во својот делокруг. Што, сигурно не е случај кај македонската православна црква, бидејќи православието, колку - толку има карактер и на националност. И кај казнените одредби веројатно треба да се зема предвид кога се работи за верските обреди, бидејќи верските обреди во исламот се пет пати на ден. Често пати може да се случи еден гостин кој дошол од надвор и чест е, тоа се случува секаде во светот на тој гостин да му се понуди тој верски обред да го изврши. Тоа се врши , сепак тие што знаат на арапски јазик без одредени предавања, туку исклучиво само верскиот обред. Тука навистина не би требало да се земат предвид тие казнени мерки што може да се случи еден странец да дојде, ќе изврши еден верски обред, што во исламот е сепак чест.

Меѓутоа, потполно се согласувам со г-динот Рамадани дека воопшто верските обреди сепак треба да бидат во надлежност на исламската верска заедница што се однесува до исламот.

Друго што г-динот Станковски кажа за Законот за враќање на имотите, ми се чини дека тој закон не е повлечен и тој закон треба да биде во постапка, колку мене ми е познато. Ако г-динот Станковски не мислел на нешто друго.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Станковски, реплика.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Јас, во првиот закон што беше повлечен , не спорев дека е повлечен туку реков во насловот на тој закон гласеше "Враќање на имотите на македонската православна црква", реков дека и тука не беше почитувано словото на Уставот бидејќи Уставот јасно и гласно пишува дека Македонската православна црква, другите верски заедници и

религиозни групи. Кога правиме закон мораме да ги почитуваме уставните одредби по сите елементи. Се мисли на структурата на тоа како е наредено. Според тој закон што беше повлечен испаѓа дека треба да се врати имотот само на Македонска православна црква, а тука има и евангелистичка и баптистичка црква свој имот. Ако се залагаме за нешто, тогаш треба за правата на сите субјекти што се тука. Тоа е едно.

Друго, ќе ви кажам, јас и вие различно размислуваме. Кога јас зборувам за верски заедници да можат да формираат, јас малку подемократски го гледам, а вие понационално.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван претседателе,дами и господа пратеници,

Во врска со Законот за верски заедници и дискусиите што се ислушани овде, мислам дека оваа материја е исклучиво важна. Погрешното насочување и толкување на овој закон не доведува до разни забуни во практиката, внатре во нашето живеење, зашто сфаќањето на широките народни слоеви на граѓаните на РМ, од било која исповест не се на исто ниво. Мислам дека одредбите што кажуваат за одговорноста на верските свештени лица итн. и на поповите и на оџите треба да се прецизира со казна, доколку верата се исповетува со националноста. Иако да речеме исламизмот се смета и се потврдува дека важи за сите подеднакво, меѓутоа се користи и за национална припадност. Тоа исто важи и за православната вероисповест. Доволно е само мојот комшија Саво, тој е православен и веќе е македонец. Тоа е и на други места исто така и не е точно, тој е Ром. Јас го кажав на БТР Телевизија, па истрчаа неговите деца како ти смееш ти да не врѓаш-да не навредуваш, но тоа е тоа.

Второ, да речеме, имаше овде еден пратеник во првото свикување повекепартиско, Ефтим Манев и за изборите за пописот кажа, јас тогаш реков во Радовиш каде е сега г-динот Фаик Абди да види што се случува овде. Имаше трка по народот. Турци па Турци. Јас сум Муслиман, но не сум Турчин. Да не ја мешаме националноста. Тоа е и во Т .Велес, тоа е и во Радовиш, во Струмица, во  Св. Николе но ова се нивни изјаснувања и ми доаѓаат како странки. Меѓутоа да речеме во Штип вели оџата, а не Оџата. Оџата нема да ме прими во џамија ако јас се пишувам како Ром.

III/2.-

Ако Оџата ти рекол така, пишувај се тунгузијанец. Јас немам што тука, тоа е слободно искажување на национална приказна . Јас тука не можам да имам влијание.

Сметам дека Владата треба и на овие работи да погледа не низ прсти, но добро тие да се консултираат каде се тие жаришта за тоа приведување, на подводачии мора да бидат вакви или такви. Верското поистоветување со националната припадност, ние сме голема нација, има некои мали националности што не се достојни за борење. 45- илјади. Ако ги собереме, ако има некој поглавар да ги собере овците, па по аги пола вермангала, така велиме ние и други некои да не ги набројувам сега ќе се налутат, тогаш некои од оваа говорница дека овие се мали, а ние сме големи, тоа е срамота. Мене не ми доликува во овој момент да разделам една друга ситуација увидувајќи и во конвенцијата за заштита на правата на малцинствата мислам дека Владата ќе бара да се преземат заштитни мерки и соодветни санкции, кога веќе се обидува дека одредена религиозна група или одредена вероисповест оџа или не знам друго што да им се каже дека не треба да им се мешаат на луѓето во нивната национална припадност и луѓето слободно да живеат. Овие донации што ги собираат верските заедници не смеат да бидат злоупотребени, за време на избори, за време на гласање. Ние сега на ова гласање за локални избори имаме еден таков хаос во РМ што лугето што беа кандидирани одеа кај Оџата и да му речат дека се колнам дека ќе бидам добар, или пак да се оди кај православниот Свештеник и таму со Библијата да се заколни. Тоа е заведување. Или што барате кај Фаик, ние ќе ви дадеме пакети. За ова нема што да се плашам, ова е вистина, можам да одам со имиња и презимиња, може да се провери. Не ми е тоа во моментов работа и преокупација. Со еден збор да завршам, по обичај сум краток мислам дека овие работи треба да се земат предвид и да

влезат во нашите институции во системот, она што е дозволено да можат, она што не е дозволено да се запре.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Реплицирам затоа што не би сакал да заврши расправата со некое убедуваше дека г-динот Станковски демократски ги гледаше работите во врска со организационата поставеност на една верска заедница, а ние национално, затоа што се случи низ нашиве дискусии спротивното. Од различна национална припадност можат да бидат со иста верска исповест и во склоп на една верска заедница, а г-динот Станковски го правеше спротивното. Велеше дека секој со одредена национална припадност да формира своја верска заедница. Значи мислам дека требаше едно дообрајснување за да не се стекне мнение дека тој беше во право. Мислам дека ние бевме во право. Јас и г-динот Аддурахман.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Прво, една забелешка. Исламот е неделив. Кога веќе гласачката и механичката машинерија со мајоризација ми се наметнува и предлогот донесување на закон за верските заедници и религиозните групи, чувствувам и морална обврска да се произнесам и понатаму да нешто подетално и постудиозно. Имено, овој наводно законски проект посебно од материјална гледна точка и аспект е во најригорозна спротивност со алиетите исурите на светата книга на Исламот, Куранот, со светлите начела на препораките на Влаху Џелешанеу и неговиот најверен претставник светец Пегамери Али Селам вој законски предлог е во потполно спротивност со светите правила на Исламот, Спасителот со исламско меѓународното компаративно право и другите меѓународни правни норми и конвенции, како и со последниве кои ги ратификуваше,

односно мораше да ги ратификува токму и овој Парламент. Овој предлог некоренспондира ни со Уставот на Исламската верска заедница, а е во колизија и со самиот актуелен Устав на РМ. Овој предлог може да се нарече предлог за донесување на закон за контрола, туторство, игнорирање, лајчност дилетанство, џандарство, џаурство итн. Над верските зеедници воопшто и религиозните групи, а посебно исламската. Каков е овој наводно законски проект. Се гледа и од имињата на потписниците. Во името на Владата наводно на мнозинството на РМ, почнувајќи од другарот г-дин Бранко Црвенковски, претставникот Владимир Наумовски, па поверениците Славе Николовски - Катин, потпретседателот на Републичката комисија за односи со верските заедници и Раденко Божиновски - советник во истата Комисија. Значи, од четирите потписници, ниту еден не е од редовите на Исламската вероисповест. Но се сомневам дека и припаѓаат и на Македонската, но тоа е нивно право на не во заграда определување, додека наше е да го искажеме каков е овој законски проект, односно дека е никаков, а посебно нагласувам за Исламската верска заедница и за нас припадниците за оваа вероисповест.

Во компарација со досегашните предложени и усвоени законски проекти, овој е најдискутабилен и најспецифичен, но и содржински суштествено и еден од најлошите. Стереотипноста спрема причините за донесување на законот овој повод не може да се применува не само буквално, туку и никако. Зошто? Почнувајќи од преамбулата и основните начела на актуелниот Устав на РМ каков - таков во кој години норми се во меѓусебна колизија дека од една страна се санкционира потполната слобода и рамноправност на изразувањето и развивањето на вероисповеста на сите припадници без никаква дискриминација од друга страна се фаворизира еднострано, апсурдни и антиуставно со посебно

III/5.-

претендирање на Македонската Православна Црква, додека другите вероисповести, па дури и најголемата Исламската верска заедница се минимизира, се маргинизира, па дури и не се спомнува ни номинално со познатото германско "узвајта"и фанцуското "етецера" албанското " етују" или македонското "и друго и така натаму". Понатаму, према Уставот овие верски заедници и другите се одвоени од државата и се еднакви пред законот. Но од друга страна Државата им се наметнува и тоа дискриминаторски и со лош законски проект. Има и други и безбројни контрадикторности. Но од една страна се обидува да се регулира оваа материја и околу дејноста на верската поука и верските училишта, додека од друга страна им се наметнува државен орган за контролирање и даваше виза, односно одобрение или забрана, па дури што се однесува до наставните планови и програми. Со ова се косат и основните уставни начела. Одвоеноста на Црквата, а зошто не и Џамијата од државата, гарантираното право и слобода на граѓаните во изразувањето на вероисповеста, слободата и јавната работа на верските заедници и религиозните групи. Уште полошо се проектираат основните односи кои се обидуваат да се реализираат како и нивната форма. Од една страна, почнувајќи од положбата, основањето, поуките и училиштата, па се до верските работи и обреди, вклучувајќи го и регистрирањето итн., дека целата дејност ја вршат во согласност со Уставот, законите и другите прописи, додека од друга страна токму со овој проект се ограничуваат и самите тие уставни начела, а да не зборуваме за некоја автономност на верската заедница, а посебно до исламската, која има и свои специфични други традиции, други спомнати норми, кои исто така историски ја обврзуваат и автономноста, рамноправноста и одвоеноста од државата на верските заедници и религиозните групи. Ќе требаше да  и се остави да ја регулираат самите

овие, додека државата да не им се наметнува, но ако ова го прави ќе требаше само начелно и тоа ферски со посебно меѓусебна спогодба, т.е. договор за немешање или потребна помош, а не да им се законува и со забрани и казни со кои што државата исто така се јавува во улогата на верски и семоќен командант, што исто така се коси и со меѓународните права и норми и со внатрешните, а посебно со специфичностите, етиката и повторно моралот на верските определби и нејзините заедници, а посебно исламските. Ограничувањето, наметнувањето и дискриминаторскиот однос се манифестира и што се однесува до странските државјани кои за вршење на верски работи, обреди претходно треба да им се даде некакво одобрение и тоа од органот надлежен за верски прашања.

Накратко, државата, чита и Владата се меша во сите сегменти на верските заедници и религиозните групи. Така да тие треба нејзе да и служат и да и бидат послушни, бидејќи во спротивно ќе има и соодветни последици. Овој законски проекти составен и предложен од сомнителни во заграда не па верници, на верниците и тоа од различити конфексионални припадници со кои немаат ни елементарни познавања им се сошиваат оделата, но катастрофално, не мајсторски, односно дилетански, па дури им се меша и што се однесува до доборовлното организирање, непрохитноста и другите определувања и специфичности, па манипулираат и со бројки, максималнсота и други формалности, како и називите, средствата, местата на обредите и верските работи, па дури и крштевањето и сунетисувањето, додека заборават да им овозможат вршење на верски работи и обреди и на војниците а посебно на оние од исламската вероисповест, што се однесува до посебна храна, односно посебен казан, како и во постење за месец Рамазан како и нивните

домашни. Верската поука се ограничува да се изведува само во јавни простории итн., додека основањето на верските училишта од една страна се одобрува во сите степени на образованието, додека се ограничува во основното образование не може да се воведува веронаука уште во најраните години облигателно кога е најпотребно, најприфатливо, најважно.

И кога сме тука, уште еден парадокс. Министерството за образование и физичка култура постигнало наводно многу од државните училишта, па му се даваат и законски овластувања да врши увид во наставните програми, верските, па дури и целосна контрола над нив итн.

**САЛИ РАМАДАНИ:** (продолжение)

Со разни ограничувања:и контрадикторности до бесконечност. Овој предлог за донесување на закон за верските заедници и религиозните групи не само што е претерано рестриктивен, туку е и антиуставен и антиверски. Со безобѕирно централизирање на апсурдната надлежност на извршната власт и нејзините органи. Ако случајно и одговара се адекватно има македонската православна вероисповет нека и е за аир овој закон , додека за исламската верска заедница, римокатоличката и на другите верски заедници и религиозни групи, специфичности, никако. Бидејќи за нив важат други кодекси, други поздрави прави норми составени и понатаму ќе дејствуваат понатаму спрема таквите. Затоа, предлагам да не се прифаќа овој предлог најмалку таков каков што е, ни да се предлага, ни да се измени од писмен или да се донесува никако.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Тантаров има збор.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, во последниве 20-тина дена пред нашево Собрание меѓу другото се најдоа на расправа и две прашања од животот и работата на македонската православна црква и верските заедници што делуваат во нашава држава.

Имено, по донесувањето на заклучокот на Собранието на Република Македонија со кој враќањето на имотите на македонската православна црква и другите верски заедници што делуваат во нашава држава, станува збор за исламската верска заедница и римокатоличката црква, да биде регулирано со законот за денационализација. Еве денес

расправаме и за друго прашаше односно по прашањето за донесување на закон за верските заедници. И едното и другото прашаше имаат посебно значење за иднината на македонската православна црква и другите верски заедници. Со оглед на тоа што г-динот Станковски Владимир три пати кажа дека законот за враќање на имотот на македонската православна црква е повлечен мене ми е жал што овој г-дин не бил на оваа седница да слушне каков заклучок донесе Собранието на Република Македонија, а јас го кажав, па тоа што Либералната партија не гласаше за враќање на имотот на Македонската православна црква си е нивни проблем. Значи, законот не е повлечен г-до. Има стенографски белешки кој сака може да ги види.

Инаку, кога веќе се води една расправа за верските заедници користам прилика како пратеник, верник, а некој пред малку рече таму околу нас дека ќе зборат црно верниците така нека биде, да изразам едно големо жалење за гласните навреди што деновиве му се упатени на поглаварот на македонската православна црква дедо Михаил, затоа што не дал благослов за немирите што низ скопските улици ги изведуваат децата.

Г-до пратеници, навредите на дедо Михаил не се од децата, тие се варени во казаните каде што се варат мерките за дестабилизација на Македонија и нејзино вклучување во бурата што тече околу нас. Овие навреди не можат да го нарушат големиот авторитет на овој голем син на Македонија. Дедо Михаил е планина од мудрост, поштеност и енергија за изградба на самостојна Македонија за негување и одржување на православието во слободниот дел на Македонија и на секаде каде што живеат македонците и за изградба на мостови на заедничко живеење на македонците со сите други националнсоти што живеат во нашава држава. Г-до, така е познат дедо Михаил, така е признат и прифатен од целиот македонски народ. Дали верува тој, или не верува

во она  за што се бори дедо Михаил. Инаку, јас го прифаќам предлогот за донесување на закон за верските заедници и мислам дека овој закон требаше да биде порано, меѓутоа, иако не беше стигнат во собраниска процедура во изминативе години на самостојност, сметам дека таа демократија што ја проповедаме им дозволи на верските заедници да работат онака како што работеа и пред донесување на законите со кои што беше ограничена нивната дејност.

Верзијата на понудениот закон ги регулира сите прашања од областа на делувањето на верските заедници во Македонија. Имајќи го предвид фактот што како претставник на Владата на Република Македонија за овој закон е министерот Владо Наумовски, а повереник г-динот Славе Николовски Катин, два г-дина што се една голема спона меѓу верските заедници и нашата држава, мислам дека нема потреба од некои поголеми коментари во врска со понудената верзија на овој закон. Сметам дека денес имаме понудено еден добар закон и него треба да го прифатиме. Инаку, некои се сомневаат дека не се консултирани верските заедници околу изработката на овој закон. А ако е така, а јас мислам дека нашата црква за тоа е консултирана, тогаш предлагам на собраниските комиси што сигурно ќе се одржат пред донесувањето на овој закон да се поканат и лица од верските заедници и да си го кажат својот збор на тие комисии.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Станковски, реплика.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Очигледно дека понекогаш ги мешаме темите и треба еднаш за секогаш да зборуваме за таа тема која е тема на денот. Беше спомнато дека Либерална партија не го гласала законот за враќање на имотите на верските заедници. Ете една голема лаж и мислам дека ние пратениците не смееме да се служиме со лажи, ние сме тука пред јавноста. Тој

предлог на закон беше повлечен и ние немавме шанса да гласам. Уште една голема лаж. Лаж е дека јас не сум бил на таа седница. Јас бев на таа седница како сите вие што бевте и тоа може да се провери. Затоа ви велам дека е лаж.

Трето, мислам дека треба дефинитивно да сфатиме дека моето настапување за македонската православна црква кога беа за враќање на имотите јас само сакав да се прошири насловот да биде за македонскаста православна црква, верските заедници и религиозни групи. Г-динот Тантаров не живее овде во Скопје, веројатно во неговиот крај нема групи или заедници како што е Еврејска заедница која има свој имот, како што има Евангелистичка црква може би 80 години свој имот и мислам дека е надвор од темата. Според тоа, како пратеници мораме да имаме свој дигнитет

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Тантаров реплика.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Јас овој пат нема да се послужам со зборовите со кои што се послужи г-динот пратеник од Скопје, подвлекувам од Скопје а не од Битола, затоа што не ми доликува така да кажам дека тоа што го кажав било лаж.

Прво, г-дине вие треба да знаете уште еднаш велам дек а законот не е повлечен. Ние донесовме заклучок за враќање на имотот на црквата и другите верски заедници. Значи, законот не е повлечен, донесовме заклучок можете да се смеете ако сакате и до утре, а тоа што не гласавте за овој заклучок пак е ваш проблем, не е наш проблем на другата страна.

Второто за што вие се борите дека во овој закон наводно сте сакале да влезе покрај македонската православна црква и исламската верска заедница и римокатоличката црква, тоа го рековте сега овде, тоа

е влезено во заклучокот, а тоа беше барање од пратениците | Џеладин Мурати, Исмет Рамадани:

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Станковски, реплика.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

видете,. лагата може да се каже со друго име. Дека не со говори вистината. Ете, јас ќе речам дека не се зборува вистината

Прво, не беше спомнато за исламска верска заедница. ДА не ги фрламе стрелите точно каде што треба. Реков дека македонската православна црква, верските заедници, не поединечно. Според тоа, немојте на либерална партија или на која било друга партија да и префрлате дека се бори за едно или за друго. Ако сме демократи, јас во почетокот реков дека ние мораме да носиме закон кои што ќе ги опфати сите субјекти кои се предмет на тој закон. Од тоа нема отстапување. Тоа е демократија. А ако сакате вие некого да го исфрлите од тоа, тоа е веќе импутирање. Јас мислам дека дефинитивно не прифаќам да се уфрлува дека јас сега сум рекол, значи, извинете не ја зборувате вистината дека јас не реков за исламска заедница. Реков за Еврејската заедница. Како пример да кажам дека пошироко одиме, не се делиме, на четници и партизани. Овдека сме еден дом и разговараме за правата на сите верници и сите заедници.

Уште еднаш ќе ви кажам Либералната партија, законот се повлече, дали заклучокот, важно е ние не бевме против тој закон. Значи, апсолутно ако веќе се зборува за либерална партија таа во секој случај ја почитува црквата македонска православна и сите други верски заедници и религиозни групи кои се на територијата на Република Македонија. И тоа добро да го знаете и многу повеќе од вас г-дине.

IV/6.-

**ТИТИО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, јавноста ги следи нашите сендици директно и доколку има сомневање ние можеме тоа од записникот за наредната седница повторно да го информираме Собранието за ставот на Собранието по овој заклучок за кој говори г-динот Тантаров.

Г-дин Стојановски има збор. ј

**ТОМИСЛАВ СТО ЈАНВОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, пратеници и министри. Мислам дека овој закон во оваа фаза заслужува едно вакво внимание за да се разбира во втората фаза добиеме што поквалитетен закон. Ќе бидам конкретен. Го поддржувам размислувањето на колегата Исмет Рамадани дека бројката од 50 членови за да се формира религиозна група може би е мала, да се размисли, може би има причини, може би има искуство кое што точно го тврди спротивното. Ако има такви групи , каде што тоа е минимум да речеме, тогаш, може да се прифати.

Понатаму во членот 6 кој што регулира многу широка материја од овој закон и од овие активности стои дека верските собири, верските обреди, верскиот печат, верската поука, верските училишта и другите видови изразување на верата не можат да се користат за политички цели, за поттикнување на верска, национална и друга нетрпеливост итн. Сметам дека тука треба место да најдат и верските објекти, не се спомнати. Мислам дека треба да се размисли, се зборуваат сит е активности, а не се наведуваат верските објекти. Ние овие денови имавме една непријатна ситуација преку средствата за јавно информирање, преку камерите на телевизијата гледаме еден таков политички договор на великодостојници, верски, политички челници и сл., кој што се реализира во верски објект. Мислам дека треба да се размисли дали во верски објекти, дали верските објекти можат да се користат за политички цели затоа што сите овие претходно изречени

работи практично го санкционираат, или да речеме го забрануваат обавувањето на овие дејности. Мислам дека од оваа говорница не е пријатно да се употребуваат навредливи зборови, како што е на пример зборот гаур, и сл. Мислам дека треба да ги одбегнуваме, затоа што го знаеме нивното прво и суштинско значење.

**ТИТО ПЕТКОВКСИ:**

г-дин Сали Рамадани, реплика.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

За овие две години сигурно со пратеникот, тој е пратеник, Стојановски, ќе требаше да реплицирам најмалку 200 пати. Не сум сакал, не сакам ни сега, се зафати за еден з бор, кој не е мој, кој е исламски и штом реков воопшто дека овој предлог на закон антирески, тоа значи ѓаурски, а тоа не е мој збор, од мојот речник, туку е тоа од исламската верска заедница, односно од куранот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани претставници на владата, почитувани колеги. Само една мала реплика, практично една интервенција во однос на излагањето на г-динот Тантаров, само да го потсетам дека јас лично барав да дискутирам за законот за враќање на имотите на православната црква и не само јас, туку и многу мои колеги од Либералната партија беа спремни да дискутираат за тој закон. Како што зборувавме практично и во комисиите кога се водеше расправа по тој Предлог закон. Меѓутоа, г-динот Тантаров, само да го потсетам, веројатно заборавил, дека тој лично излезе и бараше прекинување на седницата поради додатни консултации, веројатно се неговата пратеничка група. И после пауза од 5 минути сам изјави дека го повлекува

IV/8.-

законот и предложи заклучок, што беше малку и деловнички апсурдно, заклучок со кој треба да се усвои да се вратат имотите на православната црква и на другите верски заедници, со тоа што повторно тој закон ќе биде ставен на дискусија, за кој ние пратениците од Либералната партија сме спремни да дискутираме. Ние и во комисиите дискутиравме за тој закон, го оценивме како позитивен што доаѓа од еден пратеник позитивно што како иницијатива се поведува, но, има и одредени слабости за кои сакавме да дискутираме.

Значи, во принцип бевме за тој закон, меѓутоа мора да го потсетам г-динот Тантатов дека тој лично бараше да се повлече законот во име на вистината.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Тантаров, реплика

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван претседател на Собранието, бидејќи на оваа говорница се кажуваат многу невистини, јас предлагам за наредна седница, и тоа беше ваш предлог, да се видат стенограмите дали законот е повлечен или не е повлечен, дали Тантаров барал прекин на седницата на Собранието за консултација со групата и се друго што е запишано од таа седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, записникот ќе ви биде доставен односно извадок од записникот до сите пратеници за наредната седница. Дали уште некој побара збор? Г-дин Пруси.

V/1. -ЛП/МЛ

**АБДУРАУФ ПРУСИ:**

Еве, нека излезе една уште реплика.

Прво, кога зборував за религиите, навистина зборував за тоа дека сепак човек треба да ја познава религијата, па дури тогаш може да зборува за таа религија. Еве, јас во мојот живот имав среќа да запознам неколку религии, да читам доста за тие религии и врз основа на тоа беше и моето излагање.

Второ, во мојата дискусија јас зборував дека берам што се однесува до Исламот, тука воопшто Исламот ги собира сите верници, независно од својата национална припадност. Јас не знам по која логика господинот Станковски оцени дека мојата дискусија била националистичка. Значи, можеби така не се изрази, но национално обоена. Да ви кажам, прво што се однесува до религиите, тие сепак се догни, и барем што се однесува до нив некоја демократичност тука сепак не би требало да дојде предвид. Таа е догма, ако прифаќаш една таква религија, вред е, ако не прифаќаш, пак е вред. Меѓутоа, може да има застранувања, па затоа ги имаме тие религиозни групи. Да речеме, сите тие религиозни групи сепак почиваат односно базата им е една религија. Дали се работи за Исламот, дали се работи за ортодоксната религија, дали се работи за католицизмот, значи сите пак имаат одредена база една религија. Јас не знам колку е тоа демократичност или не во религија, меѓутоа еве, законот на крајот на краиштата тие работи ги предвидува. Не знам по која логика јас сум национално обоен во мојата дискусија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Станковски, реплика.

V/2.-

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Бидејќи бев спомнат, инаку, не би бил толку здодевен. Ќе кажам едно. Ние мораме да создадеме широки рамки луѓето оформуваат заедници, групи, ако сакаат црковни или џамиски хорови. Ние знаеме дека Исламската заедница има свои закони, меѓутоа, исто треба да знаете дека во Католичката или во било кои други цркви постојат верници кои не се согласуваат со некоја филозовија на соодветната црква и тие имаат свои заедници. Според тоа, нашата демократичност ќе ја гледаме преку тоа што нема тие рамки да ги сведеме само на рамката на законот на црквата или на куранот, туку ќе ги прошириме и во тоа е демократијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Обично не ги сакам навредите, меѓутоа, господине Станковски кој по се изгледа за оваа материја и јас немам многу познавања, но вие сте далеку. Во законот пишува и религиозни групи. Тоа значи дека тие што не се согласуваат да бидат во рамките на овие три верски заедници кои се спомнуваат имаат право, ќе формираат религиозни групи, а една верска заедница има устав и мислам дека тоа е многу јасно. А вие што навистина дури претходно испровоциравте малку кога кажавте - јас не спомнав, не кажав Исламска заедница. Да не било тоа и навредливо. Еве, јас ќе кажам Македонска православна црква, си има, си постои во Република Македонија и ништо не ми фали ако кажам. Тебе само што ти рече господинот Тантаров и Исламска заедница, ти...

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ**: (ОД МЕСТО)

За влашка се зборува.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Не за влашка, друго, друго нешто, меѓутоа, чувај си го.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:.**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување закон за верските заедници и религиозните групи.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието на Република Македонија ќе му достави Предлог на закон за верските заедници и религиозните групи, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата што се содржани во извештаите на работните тела и укажувањата на денешната расправа на седницата на Собранието на РМ.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

66 пратеници гласаа за. Д

али има некој против?

1 пратеник е против.

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на 7-та точка - Извештај за работа на Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност во периодот од февруари 1995 до април 1996 година.

Извештајот и дописот на пратеникот Назми Маличи ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници, еве конечно после период од скоро две години прв пат Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност достави прв и единствен извештај до нас како пратеници.

Јас мислам дека и од аспект што е единствен извештај до сега и од аспект што сепак оваа Комисија има и доста значајна улога од аспект на контрола над работата на Службата за државна безбедност на со законот утврдените надлежности од аспект на примената на средствата и методите во својата работа, како и од аспект на обемот на пречекорувањата што ги имаат одредени службени лица во својата работа во самата служба, ценам дека треба да предизвика одредено внимание од нас, односно да продискутираме врз основа на овој извештај.

Гледајќи го извештајот кој е содржан во пет глави, напишан ан седум листа, се доаѓа до генерален заклучок дека прво извештајот е

непотполн, нема доволно аргументи и за оние настани кои се случија во периодот кој тој го опфаќа, февруари 1995 - март 1996 година и втора причина дека е малку анахрон, односно би рекол дека е и неактуелен од аспект што ние го добиваме како пратеници токму после една година од времето кое го опфаќа Комисијата во извештајот. Велам малку анахрон, затоа што за мене е несфатливо Комисијата некаде од 15 мај 1996 година кога го доставила извештајот според членот 18 од Законот за внатрешни работи до Владата, до Министерството за внатрешни работи, прави преглед на тој извештај од аспект на рецензии или би рекол елиминирање на одредени податоци кои се тајност за државата. Поминаа скоро седум месеци за да може тоа Министерство да направи таква рецензија и селекција за да достави еден ваков извештај до нас и ние, пак ќе повторам, после една година практично добиваме извештаи кои на некој начин опфаќа период кој одамна е поминат, меѓутоа сеуште е на некој начин и актуелен.

Во извештајот е назначена улогата на Комисијата повеќе од аспект на учество во изработката би рекол со одредени забелешки на законите кои се веќе донесени од страна на ова Собрание. Да се потсетиме, тоа беа законите за внатрешни работи, потоа за агенцијата за разузнавање, Законот за јавните собири, исто така се назначени активности кои ги имала Комисијата од аспект на одредени забелешки на одредени граѓани, како од аспект на добивање на државјанство и одредени случаи за кои сметале граѓаните во тие случаи дека одредени служби веројатно работеле надвор од обемот на своите законски надлежности, но преовладува фактот дека во извештајот, односно во самиот текст кој е назначен дека Комисијата правела две големи паузи од аспект што прво, за време на донесување на Законот за трансформација на

Министерството за внатрешни работи од аспект на донесувањето на новите закони кои претходно ги спомнав, направена е пауза. Имено, немало контакт меѓу Службата за државна безбедност и Комисијата, што за мене се некако факти кои не држат во овој случај и втората пауза е направена за време на атентатот на претседателот на државата.

Кога сум веќе кај тој втор аргумент, морам да спомнам дека сите ние очекувавме, посебно јас очекував во овој извештај многу повеќе да се каже за атентатот кој се случи на нашиот претседател на државата, затоа што Комисијата само во две реченици на страница 7 се осврнува на атентатот и сметам дека ваквото потенцирање на еден ваков настан, за кој и светската и нашата јавност изрази големо згрозување, кој предизвика големи сериозни теми за разговор, ние како пратеничка група баравме одредени информации подетални за самиот атентат, сметам дека мораше и требаше оваа комисија многу поопширно, многу пошироко со аргументи да образложи дали Службата за државна безбедност во тој атентат ги презела сите свои надлежности според законот, дали ги применила сите средства и методи од аспект на превентивно спречување, па и испитување на последиците од атентатот. Јас не знам дали Комисијата во овој случај - може да стане претседателот и да каже дали располагала со такви податоци, дали барала такви податоци од Министерството за внатрешни работи, односно Владата, меѓутоа, факт е дека во овој извештај практично таква информација немаме, а сметам дека требаше да имаме.

Трета работа за која би сакал да кажам е тоа што сепак оваа комисија од аспект на својата работа мора и треба да има контакти и со другите министерства, а не само со Министерството за внатрешни работи, од аспект што сепак обемот кој таа го опфаќа според законот и

надлежностите кои треба да ги испита, конкретно на Министерството за внатрешни работи, опфаќа делокруг на работи на други министерства, што значи тие податоци кои треба оваа комисија да ги добие треба да бидат и од други министерства, за да бидат потполни тие информации, целосни и квалитетни. Во овој случај очигледно фали некој закон или некое подзаконско решение, со кое ќе се овозможи оваа комисија да добие надлежност да прибира податоци и да бара податоци за одредени случаи и од други министерства кои имаат контакт со одредени случаи кои се во надлежност на Министерството за внатрешни работи.

Исто така не е доволно јасно назначена и улогата на Комисијата од аспект на Агенцијата за разузнавање. Ние во Комисијата за политички систем дадовме предлог кој помина преку Парламентот дека и се дава привремена надлежност на оваа комисија да врши надзор и на Агенцијата за разузнавање. Сметам дека ако оваа агенција добие свое значење, што треба да го добие во државата, и ако добие своја улога што треба да ја добие, оваа комисија не ќе биде во состојба да покрие еден таков делокруг на работа, што значи недвосмислено се појавува факт дека треба или да се формира некоја друга комисија која ќе биде директно надлежна да врши контрола над Агенцијата за разузнавање или пак истата комисија да се прошири од аспект на членство, за да може да ги врши и тие надлежности. Сметам дека Агенцијата за разузнавање ќе добие свое место и улога во оваа држава и конечно и треба, и веројатно мора да се направи чекор за да се забрзаат одредени активности што треба да се направат од аспект на комплетирање на оваа институција, која е и те како битна за државата и која треба да профункционира во таа смисла.

V/8.-

Мој заклучок е дека овој извештај треба да се дополни со повеќе аргументи. Ќе повторам, посебно околу атентатот на претседателот на државата, да се прошири и со други настани кои беа во тој период од февруари 1995 до март 1996 година, и како таков покомплетен извештај да се достави до нас пратениците, за да можеме врз основа на аргументи со квалитетен извештај да дискутираме за ваквиот извештај на оваа комисија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Дами и господа пратеници, извештајот кој денес го гледаме од Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност треба да одговори на многу прашања, бидејќи оваа комисија има посебна тежина, затоа што во многу развиени демократски земји оваа комисија работи со посебен закон и со посебни подзаконски акти, дава извештај на работата на Парламентот. Кај нас оваа комисија заседава еднаш годишно, односно еднаш годишно дава извештај, а работи во текот на целата година.

Ова што е дадено како пишана форма со многу нејаснотии, затоа што фундаменталните прашања не ги одговара. Веднаш се поставува друго прашање што всушност работи оваа комисија. Дали оваа комисија одговорила на својата задача, бидејќи декларативно стои дека се дружеле, барале информации, но останува отворено прашањето, нас како Парламент овој извештај ништо не ни кажува. Дали Комисијата ја завршила работата или треба да ја заврши на друг начин или ние како Собрание ќе ја задолжиме Комисијата на затворена седница да даде одговор на повеќе прашања кои останаа отворени во овој Парламент,

V/9.-

затоа што ние не дискутиравме, таков беше составот и расположението во Парламентот за оној момент што значи многу во оваа држава, атентатот врз претседателот на државата. Помина бегло Парламентот, Комисијата исто така бегло поминала, во една реченица не може да се каже, па мој предлог би бил до Комисијата да закаже затворена седница, да се отворат овие прашања со нови моменти, затоа што во овој извештај не гледаме ништо.

Друга работа која се спомнува во овој извештај е Агенцијата за контраразузнавање. Се отвора едно природно прашање зошто до денес не профункционира оваа Агенција за контраразузнавање. Што се мотивите и што се пречките за да не профункционира оваа и те како важна агенција затоа што законскиот рок од шест месеци кој требаше да биде задоволен не профункционира. Дали ова право кое е право на претседателот на државата не може да се најде таква соодветна личност во оваа држава која ќе ги задоволи најосновните критериуми за да биде избран. Тоа би било едно прашање или една задача, Комисијата да побара или заклучок, не знам како ќе го формулира претседателот на Собранието, да закажеме една затворена седница за јавноста затоа што атентатот на претседателот на државата останува отворен, за многуте моменти до ден денес не знаеме ние како највисок законодавен дом, не знаат новинарите, не знае јавноста. Мислам дека Комисијата треба да добие задолжение да направи една затворена седница и да не информира нас како пратеници.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Има збор господинот Хисен Рамадани.

V/9.-

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, јас мислам дека најдобро би било до колку денешната расправа по повод овој извештај биде во насока или во прилог на тоа да и се помогне со некои наши сугестии или идеи за идната работа на оваа Комисија, евентуално и за една доработка на самите деловнички одредби за нејзината работа. Очигледно, се случија работи и во нормативната димензија, во која настануваат нови моменти за кои што Комисијата навистина како што се одразува и во самиот извештај, не може да се снајде во новата состојба. Таа едноставно во случај кога веќе немаме служба за државна безбедност, кога имаме една разузнавачка служба која е внатре во Министерството за внатрешни работи, значи како нејзин дел и една друга која треба да биде при претседателот на државата, а не е формирана, не работи и дали кон неа таа има одредени овластувања, и тоа на расчистено, според тоа, таа да не може да ја заокружи физиономијата, односно делокругот на својата работа.

**ХИСЕН РАМАДАНИ**: (продолжение)

Затоа мислам дека оваа работа треба да се расчисти. Добро е што Комисијата се обидува да бара некакви мислења, идеи, односно одредби на работата на таквите комисии во другите парламенти кои што имаат такво поголемо искуство. Оваа Комисија во крајна линија треба да биде еден внатрешен омбудсман на самото собрание за тоа како државниот, посебен државен орган, не сите државни органи, туку државен орган во вид на служба во органите за внатрешни работи како во областа на човечките и другите права делува и на тој начин да ја врши контролата за нејзина работа. Она што не може секој друг цивилен орган надвор од државните органи да го прави тоа. Затоа мислам дека би било добро оние што ја познаваат работата и подобро од мене евентуално со својата расправа, односно со своето учество да допринесат нешто повеќе за тоа сега да се каже.

Јас посебно станав да кажам за еден посебен проблем кој е како што знаете доста широк, а мислам дека на неколку расправи овде доста индолентно се однесуваме кон него, сеедно како тоа го доживуваме, може има и разлики во доживувањето на тој проблем, а тоа е проблемот врзан за добивање на државјанството односно одбивање на државјанствата врз база на член 7 од Законот за државјанство.

Прво прашање на кое Комисијата треба да ни одговори квалификувано е дали членот 7 веќе по донесувањето на новиот Кривичен закон е валиден и дали е во рамките на правниот систем и на Устав заснован. Јас мислам дека не е и според тоа би било добро Комисијата да покрене иницијатива тој член 7 во најмала рака да се преформулира,а мислам дека и да отпадне, бидејќи она што сака член 7 да го каже тоа можат да го кажат само судските органи, а не орган за внатрешни работи, дали некој по сила на опасност по државата односно

по државна безбедност може да го изгуби државјанството. За тоа само суд може да одлучи. Не може да одлучи според нашиот уставен систем и новиот Кривичен закон орган за внатрешни работи најмалку тој што по правна судска процедура не води посебна постапка.

Второ, мислам дека треба веројатно Комисијата преку жалбите морала да дојде до констатација дека на член 7 често пати органите за внатрешни работи се повикуваат на сосема апсурден начин. Тоа I се стари жени, тоа се фамилии кои што десетмина од нив има луѓе кои I што никогаш не отишле од тука итн. Треба да се види зошто е тоа така? Јас од лични примери можам да ви цитирам и да ви кажам неколку имиња и презимања за кои што апсолутен апсурд е тие да бидат по член 7. Едноставно ниеден основ ни по временски ни по структура, ниту по движењето, ниту по професијата не дава основ за тоа. Се гледа дека лесно, едноставно службеникот запишал по член 7 итн.

Трето, да заклучам со тоа сакам Собранието да го ј потсетам бидејќи деновиве и доста во дневниот печат за тој проблем по повод други причини, но се актуализира на некој начин, тоа е голема бројка на граѓани во Република Македонија. Мислам дека според тој број ние не можеме да се однесуваме така како тоа да не не интересира многу. Ако е вистина тоа што печатот пишува дека се 140 илјади луѓе кои што немаат државјанство и дека од нив 30 илјади, 40 илјади се во постапка, а околу стотина илјади живеат во Републиката како апатриди, а немаат ниту покренато постапка за државјанство, тоа мораме ние како Собрание да го знаеме со една поблиска информација. Вие се разбира можете да ми кажете, не е вистина бидејќи јас тоа ви го кажувам од печат, меѓутоа, печатот деновиве многу информации за тоа дава и цифрите воглавно се тука. И за таа работа ние мораме да видиме што е тоа.

И од таа гледна точка би ја молел и Комисијата повремено Собранието и проблемски да ја информира, не само во смисла и извештајно, годишно, двогодишно, туку за некои работи од овие области и по одделни проблеми.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, за мене е многу значајна денешната расправа во извештајот за работата на Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност затоа што контролата на тој сегмент од работата на Министерството за внатрешни работи како и во сите парламентарни држави демократски така и во нашата треба да биде една голема придобивка и да значи контрола на парламентот во случајот изразена преку надлежната комисија врз работата на една служба која според Законот има многу чувствителна задача, а тоа е пред се спротивставување и заштита од дејствувањето на странски разузнавачки служби, попречување на терористички или друг вид екстремни активности насочени кон насилно загрозување, или уривање на демократските институции утврдени со Уставот на Република Македонија како и заштита од потешки форми на организиран криминал. Заради тоа сметам дека и одговорноста на тие што ќе земат учество во расправата треба да биде на соодветно ниво за да не се даваат паушални оценки бидејќи се работи за, ќе повторам повторно за многу чувствителна материја.

Прво, и јас се приклучувам на оние пратеници кои сметаат дека Собранието премногу доцни со разгледувањето на Извештајот за работата на Комисијата. Меѓутоа колку што можев да дознаам тоа не е од причини што Комисијата не си ја вршела добро својата работа, туку затоа што нејзиниот извештај чекал да не претерам повеќе од пола година ; да ја помине вообичаената процедура во Владата на Република Македонија. Заради тоа сметам дека адресата за задоцнувањето не е во Собранието, не е во Комисијата, туку е во Владата на Република

Македонија која премногу долго го задржувала во својата вообичаена владина процедура разгледувањето на овој закон. Исто така се согласувам со претходните дискутанти кои зборуваа на темата за атентатот затоа што овој извештај зборува за периодот на време кога во нашата држава се случи гнасниот чин на извршување атентат врз претседателот на Републиката и мислам дека не е добро и заради нас како највисок законодавен дом во Република Македонија преку овој извештај Комисијата да не информира дека во два наврати била информирана од директорот на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање за мерките што биле преземени од страна на надлежните служби во врска со атентатот. Мислам дека тоа не е доволно затоа што самиот претседател на Републиката во првото свое обраќање на јавноста после атентатот изјави за изданијата на Нова Македонија дека тој уште пред да се случи атентатот предупредувал на заканите кои биле упатувани на негова адреса од страна на се разбира некои екстремни кругови, а и тогашниот министер за внатрешни работи на прес конференцијата која што се одржа после атентатот самиот јавно призна дека сите надлежни органи не ги презеле сите соодветни мерки кои требало да бидат преземени согласно законските прописи. Од тој аспект сум разочаран во овој извештај иако министерот тоа го призна, иако самиот претседател кажа дека предупредувал и предочувал на можните опасности воопшто не е ништо конкретно кажано во смила дали надлежните органи и служби во МНР конкретно во Агенцијата за безбедност и контраразузнавање ги презеле сите соодветни според закон пропишани мерки за да несе случи тоа што ни се случи. Исто така мислам дека извештајот не дава воопшто конкретни податоци во врска со претставките. Само се кажува дека биле третирани на седниците на комисијата претставките кои од граѓани биле доставувани затоа што биле незадоволни од постапката која се водела во МНР. Мислам дека еден извештај од ваков вид за да биде на тежината на расправа на

Парламентот треба да обилува со податоци колку од тие претставки кои биле доставени од граѓаните биле оправдани, па во некоја друга второстепена, третостепена постапка биле уважени за да се види дали надлежните органи постапувале според законот и доследно си ја извршувале својата задача, или е работи за оправдани одлуки да речам, или постапки, на вработените во МНР, затоа претставките на граѓаните не биле засновани односно не биле издржани. Исто така, нема конкретни податоци во врска со проблемот за стекнување ан државјанство во РМ, затоа што тоа е еден значителен проблем кој беше тука покренуван од страна на пратеничката група на Партијата за демократски просперитет во неколку наврати на расправа во Собранието. Исто така, мислам дека и околу ова прашање доста бегло е поминато, не се кажани никакви конкретни показатели. Исто така мислам дека не е добро што во поглавјето IV кое е изработувана од самата Агенција дирекција за безбедност и контраразузнавање што е составен дел на овој извештај стојат овенки дека работата на дирекцијата за безбедност и контраразузнавање во овој период кој е третиран била успешна. Поставувам прашање. Чија е таа оценка за успешноста дали може еден орган кој работи во рамките на МВР сам да си ја оценува својата работа за успешна, или тоа е оценка на Владата на РМ. Мора да се одговори на ова прашање затоа што на границата на вкусот е некој орган за кои ние, мислам за чија контрола расправаме денес сам да си дава низ делот од овој извештај кој го составил оценки за позитивноста во својата работа, иако јас тоа не го спорам. Меѓутоа, прашање е кој треба да ја даде таа оценка за работата.

Исто така мислам дека не се добри формулациите кои се употребени дека е извршена од страсна на членовите на Комисијата контрола во општините, во подрачните единици на дирекцијата за безбедност и контраразузнавања без да се наведе ниту еден елемент

што е констатирано во тие посети, дали тие соодветни органи, служби, дирекции, или подрачни единици како се нарекуваат ги извршувале активностиве според Уставо5т, законите и прописите, или имало и отстапувања од сето тоа. Инаку, која би била функцијата нас да ни биде даден како аргумент фактот дека тие ги посетиле соодветните подрачни единици. Исто така, за мене е отворено прашањето дали се усогласени подзаконските акти по кои работат надлежните во дирекцијата за безбедност и контраразузнавање со Уставот и законите на РМ, затоа што не ми се допаѓа формулацијата која на последната страна е употребена дека дирекцијата за безбедност и контраразузнавање работата ја врши во рамките на законот за внатрешни работи и своите подзаконски акти. Ова, своите подзаконски акти, без да се каже нешто поконкретно дали се тие застарени, дали се во согласност со Уставот нов, дали се во согласност со новиот закон за внатрешни работи каде што имаме поинаков третман на основните човекови права и слободи на граѓаните и многу поголема демократичност, или се работи за застарени прописи по кои работат тие служби. Тоа треба како сериозно прашање да се разгледува. Исто така, малку сум изненаден од една формулација која е употребена на страна 6 во третиот став,многу долг е ставот, да не цитирам, меѓутоа се однесува дека дирекцијата за безбедност и контраразузнавање преземала мерки и активности за навремено осознавање, следење, документирање и тн. на екстремни активности раководени, организирани и спроведувани од дел од раководствата на политичките партии, здруженија на граѓани, поединци, или илегални организации. Да се даде ваква констатација која во многу што личи на дел од изјавата во последното обраќање на премиерот до македонската јавност без притоа тој што ги дава овие констатации сето ова да го поткрепи со конкретни факти и аргументи колку кривични пријави од

страна на надлежните во дирекцијата за безбедност и контраразузнавање се поднесени до надлежниот јавен обвинител на натамошна постапка според мене е од арсеналот на формулации кои се употребуваат во едно минато време, во еден друг систем иако не спорман дека вакви појави веројатно има во РМ. Меѓутоа, да се даде ваква квалификација без да се изложи ниеден аргумент против кои лица, против кои партии се поднесени такви активности, мислам иницијативи за покренување на кривични, или прекршочни постапки, мислам дека е несериозно посебно ако се има во предвид моменталната состојба во нашата република, па и активностиве кои континуирано се одвиваат во еден подолг период јас би рекол дури и од организатори, парламентарни партии како што се непочитување на државното знаме на РМ, непочитување на химната на РМ на официјални собири кои се организирани од политички партии кои се застапени во Парламентот. Не сум сретнал досега податок дали надлежните органи против организаторите на таквите собири презеле одредени казнени мерки и иницијативи за такви казнени мерки за да одат во вообичаена постапка. Мислам дека не е добро ако ние преминеме преку ова што е наведено во извештајот без да се дадат конкретни аргумент. Исто така еден од важните делокрузи во работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање е борбата против тешките облици на организиран криминал во нашата земја. Вие се сеќавате дека премиерот г-динот Црвенковски на една своја прес конференција во летото 1995 година "му објави војна на организираниот криминал во РМ" која за жал после тоа се сведе само на неколку кадровски сменувања на високи службеници во одредени институции кои ги контролира Владата на РМ. Исто така мислам дека тој стил провејува и во овој извештај затоа што освен што се спомнува на едно место организираниот криминал воопшто нема

никакви показатели за тоа до какви сознанија дошла Комисијата контролирајќи ја работата на дирекцијата за безбедност и контраразузнавање околу тоа дали биле преземани благовремено и така како што треба сите мерки од страсна на дирекцијата за безбедност и контраразузнавање.

И на крајот да завршам мислам дека не смееме по овој извештај да преминеме како на еден извештај преку кој треба формално да ја поминеме вообичаената процедура и би се заложил и би дал поддршка на Комисијата за контрола на работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање дека треба надлежните органи да покренаста соодветни процедури за донесување на законска регулатива која на конкретен начин ќе ја дефинира работата не само на оваа Комисија, туку и на вкупната парламентарна контрола и надзор на сите субјекти од областа на безбедноста во повеќе министерства во нашата земја.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој други бара збор?

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, го повикувам претседателот на Комисијата да даде одговор на овие прашања. Ве молам ако сакате да кажете што се заклучоците на Комисијата за да не произлезе дека на некое прашање не сме одговориле.

**ГАЈТАНОВСКИ ИЛО:**

Почитувани пратеници, во врска со денешнава расправа битно е да се каже дека целата на оваа Комисија, така како што е дефинирана со Законот за внатрешни работи и Деловникот за работа на Комисијата е да врши парламентарен надзор врз работата на СДБ, подоцна трансформирана во Дирекција за безбедност и контраразузнавање.

Содржината на тој парламентарен надзор би се состоела во согледување, како дирекцијата за безбедност и контраразузнавање ги врши своите,со закон утврдени надлежности.

Ако направиме односно видиме како таа работи и како се остваруваат овластувањата на работниците на оваа одговорна служба сето тоа од аспект на остварувањето на човековите права и слободи утврдени со Уставот. Така треба да се разбере остварувањето на функцијата на парламентарен надзор врз работата на оваа служба.

Имајќи ја оваа цел Комисијата во изминатиот период, на кој се однесува извештајот остварила увид во работењето на Службата за државна безбедност односно Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање. Тоа го направила посетувајќи ги повеќето управи на Дирекцијата во Републиката, дел од одделенијата и посетата во седиштето на дирекцијата. Водела разговори со раководните лица во управите и во седиштето на Дирекцијата, направила увид во документацијата и во одреден број на досиеја што ги води службата. Врз основа на сето тоа донела заклучок кој го нуди на Собранието дека Дирекцијата и овозможила на парламентарната комисија да ја оствари таа контрола и еден генерален заклучок дека Дирекцијата во овој извештаен период својата функција ја остварувала согласно надлежностите утврдени со законот за внатрешни работи.

Тоа е суштината на парламентарниот надзор во работата на вака значаен орган.

Во расправата беа покренати повеќе прашања. Јас би сакал, ако ми дозволите некој од нив да коментираме.

Беше спомнато прашањето околу добивањето на државјанство односно голем број на претставки од граѓани за недобивање на државјанство по основ на член 7 став 1 точка 7. Во расправата имаше одредени непрецизности. Ова за што се пишува во извештајот на Комисијата се однесува само на точката 7 од ставот 1 на член 7.

Инаку беа дадени и податоци и искажани неточни бројки во однос на добивањето на државјанство. Во тој поглед до Министерството за внатрешни работи од 1992 година, заклучно со 31 декември 1996 година доставени се околу 120.000 барања за прием во државјанство. Од нив 95,4% позитивно се решени, а одбиени се само 4,6% од поднесените барања. По основ на член 7 став 1 точка 7 само 0/98% се одбиени барања. Значи се работи за една мала бројка по однос на вкупната бројка на барања и оние на кои позитивно им се решени нивните барања. Беа спомнати и други барања, меѓу кои дека има пречекорувања во работата на работниците во оваа служба, мислам паушално беше тоа дадено Тоа во извештајот не е констатирано.

Се спомнуваше за политичките партии и за здруженијата на граѓаните. Политичките партии не се предмет на интересирање на оваа служба и на МВР. Тоа стануваат само во случаи кога има сериозни индикатори, кои кажуваат на активности и дејствувања во поглед на одредени загрозувања на институциите на системот утврдени со Уставот, индикации за поврзување со странски служби и тн. Само во тој случај.

Инаку Владата го разгледа овој извештај и оцени дека тој дава реална слика за работата на Комисијата и констатира дека со тоа што е извршен увид во документацијата во поголемиот број управи и во одделенијата и во седиштето на дирекцијата, остварена е функцијата на парламентарен надзор на работењето на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сигурно е многу чувствително прашање прашањето за контрола на Службата за државна безбедност, барем за сите нас пратеници кои се залагаме за чување на правата на граѓанинот. Но од ова колку се јавуваа денес да дискутираат имам чувство, дека и ние самите се плашиме од оваа служба па како да немаме храброст да го кажеме тоа што го мислиме и чувствуваме.

Најправин сакам да ја поздравам работата на Комисијата, иако, искрено да кажам со оваа работа и тоа што е дадено во извештајот не сум во потополно задоволен, не го прифаќам или не е потоплна затоа што се дадени многу битни работи како што е членот 7 за одбивање по барање на државјанство каде што на полицијата по закон му се дава дискреционо право да одлучува и да не кажува зошто и лицето кое бара државјанство се одбива без да му се даде образложение зошто се одбива. Министерот кажа дека тоа се само 0,97%, а тие 0,97% на два милиони граѓани на РМ или поточно на сто илјади кои побарале државјанство се ни помалку ни повеќе туку 1000 лица, а тоа значи цел еден пук, фрлени внатре во Македонија кои би сакале да ја дестабилизираат по таа логика РМ и претставуваат некоја опасност, во што јас, најискрено ви велам дека се сомневам дека тоа е така, затоа што во тие 0,97% или тие 1000 души има и такви лојални граѓани на оваа Република што не би се спорел ни со некои кои денеска претендираат да

кажат дека се најдобри македонци. Јас лично познавам и такви случаеви на пример една жена подлегна да роди дете во Република Македонија, за тоа дете ќе даде судска изјава дека прифаќа да живее во Република Македонија, а таа наводно ќе се бори да ја руши таа држава на своето лично дете. Дека сме биле секогаш во право или не сме биле во право за оваа работа кажуваат и судските одлуки.

Заменикот министер испушти овде да каже колку од такви одлуки судот им ги врати. Што тоа кажува. Тоа кажува дека не секогаш ова дискреционо право дадено на МВР правилно се користи. Јас навистина кога имаме предвид дека имаме и такви случаи кога на мајка чии син оди да служи во војската на РМ, затоа што тој веќе има добиено државјанство му се даде оружје во раце да ја брани оваа држава, се одбива како потенцијална опасност на РМ. Навистина овде пред нас се поставува една голема одговорност дали тоа дискреционо право се користи како што треба.

Вие господа пратеници се сеќавате ние овде донесовме еден заклучок во кој рековме дека членот 7 став 1 точка 7 може да се користи само во случај кога судот ќе докаже дека навистина тоа лице има докази дека направил некое такво дело. Според тоа Комисијата во овој случај требаше потемелно оваа точка да ја разгледа.

Овде слушнав и некаде видов дека Комисијата дошла до сознание од СДБ дека успешно се борела со одредени екстремизми, одредени национализми, врховизми, како што е албанскиот екстремизам, српскиот врховизмот и не знам што. Зарем таа државна безбедност не нашла за сходно да побара и други екстремизми кои денес нас ни се случуваат на улица. Дали воопшто за тоа не води сметка, дали воопшто со тоа се занимава.

Ние имаме случаеви кога одредена политичка партија, легал- на или нелегална достави документ во сред Скопје со некои аспирации кои ни се страни, верувам на сите нас овде, но постојат а СДБ според ова што овде стои не се занимава со таа работа. Мислам дека една ваква чувствителна работа, навистина кога се работи за орган на репресија и сила што е нормално во секоја држава, контролата над оваа служба треба да биде и те како контролирана.

Јас би апелирал и би го поддржал излагањето на господинот Хисен Рамадани,дека ние искрено и навистина темелно треба да размислуваме за членот 7 став 1 точка 7 дали воопшто треба да стои Законот за државјанство.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, законот за МВР кој е донесен пред две години е доста штур. Тој само ја одредува Комисијата и во еден член укажува дека постои Комисија за надзор над Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање. Оттаму бидејќи законот не дава параметри за работата на Комисијата, Комисијата за прв пат по донесувањето на овој закон го изготви овој извештај. Фактички Комисијата заедно со Собранието би требало да изгради пракса како би требало да изгледа овој извештај, бидејќи навистина прв пат е по овој закон да се изготвува извештај.

Оттаму, Комисијата во овој извештај и во наредниот кој се надеваме дека ќе дојде побргу бидејќи знаете дека согласно овој закон е неопходно пред да дојде во собраниска процедура Владата треба да даде мислење по овој извештај и како што беше кажано тоа мислење и покрај четири - пет ургенции од страна на Комисијата доста доцнеше и тоа е главна причина што овој извештај доцни седум-осум месеци, како што кажаа некои пратеници.

Комисијата во повеќе наврати и во овој извештај и во наредниот констатира дека е неопходен закон за парламентарен надзор не само над дирекцијата туку на сите овие служби, бидејќи како што можете да видете во извештајот вакви овластувања имаат повеќе министерства, не само дирекцијата. Дирекцијата е само еден сегмент од Министерството, а Комисијата е надлежна само за надзор над Дирекцијата а не и за другите сегменти на МВР. Вакви овластувања од областа на разузнавање, контраразузнавање и безбедност имаат и други министерства пред се Министерството за одбрана и Министерството за надворешни работи и затоа укажуваме овде, бидејќи ние имавме, исто така, една скромна можност да видиме неколку закони од оваа област каде што стриктно се закон е уреден овој парламентарен надзор односно парламентот ги определил правилата над овој надзор.

Доколку го нема овој закон сите ќе бидеме во состојба, како што беше претставникот на Владата и некои пратеници, да толкуваме што би требало да работи Комисијата. Се разбира, Комисијата е спремна, бидејќи ова е прв извештај, сите овие конкретни сугестии да ги прифати и во иднина да ги вградува во овие извештаи. Имаше предлог за затворени седници. Комисијата нема ништо против доколку Собранието побара и е должна да даде таков извештај, бидејќи во Законот, да потсетам стои, извештајот се доставува по потреба, од страна на Комисијата до Парламентот, бидејќи Парламентот е тој кој треба да го врши надзорот, но само преку Комисијата, а најмалку еднаш годишно што не значи дека Собранието може да заклучи и повеќе пати во годината, на отворени или затворени седници, зависи од ситуацијата, да биде разгледуван тој извештај.

Беа искажани и некои други конкретни документации дека некои активности на Комисијата треба да се документираат со поголем број на факти, со бројки што исто така Комисијата е спрема во иднина да го

прави.

Беше, исто така многу дискутирано околу членот 7 став 1 точка 7 од Законот за државјанство.

Од извештајот се гледа, можам и вака да ви посочам, главен ток на работата на Комисијата ја дадоа токму овие многубројни претставки. Тие навистина се во голем број, можам да кажам дека ги има можеби околу 100 можеби и повеќе, кои се однесуваат само по тој основ. Инаку имаше и други претставки по основ на државјанство кои ги препраќавме до другите надлежни органи, бидејќи не е надлежност тоа на Комисијата. Комисијата само ги оценува одбивањата за прием во државјанство по основ на безбедност и одбранбени причини, што е дискреционо право на Министерството за внатрешни работи. Само тие претставки можевме да ги разгледуваме и во еден добар дел во тие предмети да се изврши увид да се види дали е прекршено или не дискреционото право. Невозможно беше да се изврши увид во сите бидејќи постојат уште такви претставки, а доколку само Комисијата би се расправала со овие претставки би отишла во сосема друг ток, односно би гласала Комисија за преиспитување на добивање на државјанство.

Околу самата оправданост на член 7 став 1 точка 7 не може Комисијата да се изјасни бидејќи не е нејзина надлежност да ја оценува усогласеноста на законите ви за ви Уставот. Оттаму беше искажано по законските акти на МВР и на Дирекцијата дали се усогласени со Уставот односно со законите. Исто така, тоа не може Комисијата да го цени бидејќи знаеме дека за тоа е надлежен само Уставниот суд и тој може да донесува одлуки дали е уставно или не е уставно.

На крајот јас би кажал и со тоа би завршил со тоа дека Комисијата е спремна, со оглед на тоа што се работи за прв извештај, сите овие

сугестии, посебно оние конкретни забелешки што беа дадени од пратениците да ги вгради и би предложил извештајот да се усвои со овие забелешки искажани, со напомена во иднина да се уважуваат овие забелешки на тој начин што се искажува спремноста на Комисијата дека може почесто да доставува извештаи на отворени и затворени седници, доколку тоа го бара Собранието.

Што се однесува до соработката со Дирекцијата, ние рековме дека имаше застои, меѓутоа, ние не сметавме дека се многу оправдани, бидејќи секогаш има условно да кажам такви вонредни состојби, имаше трансформација и тн., еве и сега има одредени немири. Меѓутоа, според наше мислење тоа го и кажавме на претставниците на МВР на седницата на Комисијата дека за нас,- некое подолго одолговлекување на контактите меѓу Комисијата, МВР и Дирекцијата поради некои настани не би било оправдано, бидејќи такви настани може да има нон стоп. Така да од таа гледна точка сметаме дека во иднина Министерството и Дирекцијата кои даваат на увид,како што беше кажано, меѓутоа уште поголема спремност треба да искажат спрема Комисијата, а од друга страна бидејќи е неизградена праксата би требало и Дирекцијата да дава одредени иницијативи односно да поставува прашања, да не биде само Парламентот да иницира одредени работи, иако е тоа, пред се надлежност на Парламентот.

Што се однесува до потребата за формирање на агенција, ние на неколку пати во извештајот спомнавме и во некои други документи укажувавме дека има потреба. Меѓутоа формирање на агенција не е во надлежност на Комисијата. Ние само можеме да укажуваме, како и вие почитувани колеги, меѓутоа не можеме ние да именуваме дирекција. Се знае, согласно законот тоа во чија надлежност спаѓа.

VII/9

И јас би завршил со напомена дека сите овие забелешки треба да се вградат во извештајот и во иднина Комисијата така да постапува бидејќи, според Законот, Парламентот го врши надзорот, а формата е преку Комисијата. Значи не е исклучиво право на Комисијата да го врши надзорот на Комисијата. Оттаму, не само на овие седници, ние сме спремни, одредени иницијативи на пратеници да ги разгледуваме и очекуваме во иднина одредени пратеници, пратенички групи или пак други комисии да иницираат одредени проблеми со кои би требало да се занимава комисијата од надлежност, зборувам само на дирекцијата, бидејќи другите сегменти на МВР се непокриени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Коцевски се јавува уште еднаш.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Се извинувам што се јавувам по вторпат, меѓутоа сметам дека се работи за важна материја. Со жалење констатирам дека излагањето на почитуваниот господин заменик министер не ми го смени мислењето и ставот за овој Извештај затоа што во неговото излагање тој повторно не даде конкретни аргументи и факти за ставот што се однесува во врска со делувањето на политички партии и здруженија на граѓани насочени кон насилно рушење на уставниот поредок во РМ. Според тоа си го задржувам своето мислење дека ваквата оценка, без да се дадат конкретни аргументи и факти за какви дејствија се работи, за кои политички партии се работи, за кои здруженија на граѓани се работи, дека се работи за паушалан оценка.

Би бил позадоволен доколку МВР каже дека тоа не се објавува, можеби од некои причини, за да не се наруши постапката на гонење, односно да не се поремети некоја исправа, затоа што и на обичните граѓани а не само на правниците им е познато дека никој не е виновен додека не е осуден.

Давањето на вакви квалификации без да се дадат аргументи, показатели и факти, да се наброи кои се тие здруженија на граѓани и политички партии е во спротивност и со законските прописи. Еве, пред мене го имам Законот за политички партии. Во членот 4 тој утврдува кои се тие работи што не смеат да ги прават политичките партии, поради кои што во членот 20 вели дека решение за забрана на дејствување на политичка партија донесува Општинскиот суд надлежен според седиштето на политичката партија. Членот 21 вели дека постапката пред судот се покренува по предлог на надлежниот јавен обвинител.

VIII/2.-

Значи, моето незадоволство е што нема показател дали МВР односно Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и колку барање поднеле до надлежните јавни обвинителства за покренување на постапка за бришење од судски регистер на политички партии и здруженија на граѓани кои со своето дејствување се стремеле кон насилно рушење на уставниот поредок во РМ.

Ова е многу важно политичко прашање. Не е така наивно за да се дадат вакви квалификации.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Чадиковски.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Ме повлекоа неколку размислувања од нашите колеги како тие ја замислуваат Комисијата за контрола на ДБК. Веројатно од незнаење се прави тоа, бидејќи таа комисија има свој деловник и овде се поставуваат некои работи да се прошират активностите на оваа комисија на ДБК.

Прво што ме збуни, вели, Комисијата за политички систем даде времена дозвола за контрола на Агенцијата. Мислам дека Комисијата за политички систем ја нема таа надлежност на друга комисија да и даде една времена дозвола за контрола на Агенцијата. Тоа се две различни комисии и во Законот стои дека за Агенцијата и Дирекцијата се две посебни комисии. Тоа е едната работа. Веројатно тоа од незнаење, не е тоа ништо.

Инаку, еден од колегите кажа дека се бараат докази од овој извештај. По многу нешта оваа Комисија не може да го направи тоа овде. Постојат други правни дејствија, механизми, според кои би можеле да се донесат повеќе од знаења на тој колега кого би го интересирало тоа. Бидејќи оваа Комисијата не е нечие извршно тело и би бил несреќен кога оваа Комисија би си зела некои ингеренции што не се во нејзина надлежност. Тоа што некого го интересира по одделен предмет, слушам овде се зборува за државјанството. Оваа комисија разгледувала за државјанството, дали е повреден тој член 7. Тоа, дали ќе биде или нема да биде има друго министерство, друга процедура што треба да се реши. Оваа Комисија реагирала на конкретни барања од граѓани така како што треба да реагира.

Оваа комисија сега не дава некоја завршна сметка па материјални трошоци, па ова па она. Таа комисија работеле, тука беше спомнат атентатот и други работи, постојат исто така други правила во ова собрание, според Деловникот каде што се бараат информации за одредена материја. Комисијата многу чесно си ја вршеше својата работа и јас очекував тоа од претседателот на комисијата да каже. Овде се натакнаа многу прашања што не се во надлежност на оваа комисија.

Зошто се доцнеше? Точно е дека така, но веднаш се кажа и едно контра, зошто на пример сме го дале во мај а не во февруари кога завршивме со работа.

После, тука се даваат некои забелешки, повеќе лекторски забелешки. Ние имавме две-три седници каде што пазевме на секој збор и запирка, за да не се сфати погрешно. Тоа беше многу битно и мислам дека е тоа многу битно и за оваа комисија. Секој збор повеќе може да донесе болка на некој друг или да направи проблем кај друг човек. Затоа мислам дека оваа комисија не треба да се служи со паушални работи, бидејќи на таа линија јас постојано тоа сум го повторувал, бидејќи на таа

линија, во работата на оваа комисија, не би можела оваа комисија да биде полиција на полицијата. Тоа најмалку би го сакал. Тоа на крајот на краиштата и не ми е професија. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Соколовски, реплика.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Се извинувам една реплика, бидејќи е спомната Комисијата за политички систем.

Точно дека Комисијата за политички систем расправаше, на предлог на Комисијата за контрола над работата на СДБ во однос на Агенцијата за разузнавање кој статус да го предложи. Комисијата за политички систем даде предлог до Парламентот во меѓувреме, додека не се формира нова комисија за контрола на Агенцијата за разузнавање, истата функција да ја обавува Комисијата за контрола над работата на СДБ. Значи, тоа беше предлог до Парламентот. Веројатно не сме се разбрале со г-динот Чадиковски.

Инаку, прифаќам дел од дискусијата на Чадиковски, меѓутоа едно и основно што не го прифаќам во случајов, се работи за следново: Комисијата претставува една корелација помеѓу законодавната и извршната власт. Тоа е контрола на законодавната власт над извршната власт. Еден сегмент од таа контрола. Во случајов, очигледно дека со овој извештај не можеме да бидеме задоволни, затоа што практично таквата контрола што требна од оваа комисија да се види како функционира Владата во овој сегмент, тоа значи МВР како функционира не е доволна, бидејќи се работи за низа пропусти на извештајот кој пак ќе повторам, дали Комисијата ги барала тие податоци па не можеле да ги внесе во

извештајот или пак не ги барала, тоа е сепак предмет за дискусија. Меѓутоа, очигледно не постојат во овој извештај.

Затоа, тоа е мое мислење така и ќе гласам дека нема да го прифатам овој извештај.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Поповски.

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ :**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, членови на Владата,

Јас ќе започнам таму од каде што претседателот на Комисијата завршуваше, а тоа е контролата ја врши Парламентот. А, дека Комисијата е инструмент на парламентот за вршење на таа контрола. Ако е така, можеби го парафразирав поинаку.

Мислам дека од самиот извештај произлегува една веќе сосема видлива борба помеѓу Владата и Парламентот, општо сфатена, во овој случај и веќе конкретно сфатена за тоа кој над кого ќе доминира. Ќе доминира повеќе оној што ќе се избори за таа позиција визави уставните решенија.

Се разбира дека работата за државната безбедност е работа која во сите држави е обвиена со вел на таинственост. И од тој аспект мора да направиме и Комисијата морала да направи, по мое убедување не направила да заврши една исклучителна тешка работа, да направи еден балансиран мост помеѓу информациите на Владата што треба да се доставaт и до Парламентот за да може парламентот да изгради своја оценка дали доволно добро врши контрола над работата на оваа служба.

VIII/6.-

Мој личен впечаток е дали тоа произлегува од законите, дали тоа произлегува од односот на силите Влада - Парламент, теоретски или конкретно во овој случај со овој Парламент, со овие 120 пратеници, со оваа Влада, со дваесетина министри, мислам дека тој мост не е изграден. Не е изградена позицијата членовите на Парламентот од извештајот да можат да добијат квалитативна оцена. Неквантитативна оцена колку увиди се извршени и колку предмети, мислам дека се бавиме во доменот на квантитативните, со извештајот, забелешки и хронологија на работа. Мислам дека, барем јас, не можеме да добиеме оценка од извештајот дали и Комисијата е убедена дали добро врши контрола, а јас лично, врз основа на овој мост што се нуди како извештај, апсолутно негирам дека можам како член на ова Собрание својата уставна надлежност за контрола преку инструментот - Комисијата за контрола над работата, да вршам надзор врз работата за која Владата е овластена во овој домен, односно Министерството преку СДБ.- СДБ и сега овие нови служби согласно двата нови закони. Мислам дека тој аспект фали и мислам дека за мене како парламентарец тој аспект е најбитен.

Само ќе земам неколку примери како го замислувам тоа што го зборувам дека треба да функционира. На пример, на една страна има дека во државата постојат континуирани активности од екстремни средини и во земјата и во странство насочени кон дестабилизација на државата. За оваа оценка нема никакви амбиции да ја негирам, изградена до моите колеги членови на Комисијата. Меѓутоа, ми фали квалитатив на оваа изразена состојба. За нивото на овие континуирани активности мислам дека Парламентот за таа работа треба да има квалификатив доставено од комисијата дали е тоа мал обем на континуирани активности, дали е тоа значителен обем, дали е тоа голем

обем, дали Комисијата предлага Собранието да ја разгледа таа работа, дали мисли дека е во рамките на нормалното за ваквата ситуација безбедноста на Македонија и оттука да извлечеме оценка. Мислам дека вака служи само како една проста трансмисија. Постојат континуирани активности. Може да постојат од илјадници субјекти, може да постојат од еден субјект. Тоа се различни квалификативи за кои што Собранието не може да има увид што дефакто се случува, а исто така ја сноси одговорноста во оваа држава. Ние не можеме да бидеме сите оперативни, туку можеме вака да дејствуваме. Меѓутоа, треба да имаме извештај од комисија што ќе не насочи. Вака, мислам дека преголема одговорност оставаме во Владата, во овој случај и во Комисијата кога ни дава овака штур податок, не го образложува, а одговорноста дефакто ја преземаме сите.

*Јас лично немам подготвеност и Уставот тоа ми го дава за право, а и* лично немам подготвеност толку голема одговорност да препуштам и на други. Или, ова што некој го кажа овде дека има зголемено присуство и дејствување на разузнавачки служби и активности, екстремни активности од позиција тој и тој и тој екстремен национализам во државава. Сега, тука се наметнуваат две-три прашања:

Прво, дали нема од други, кога веќе се наброени? Ако има дали се тие до таа мерка што ние треба за тоа исто така да изградиме квалификатив? Дали некои од овие наброени на страница 6 екстремни национализми и врховизми Комисијата ни нуди квалификатив дека се во некој обем за кој што треба или не треба да расправаме? Ако не треба нека напише кои се незначителни. Инаку, вака напишани навистина, кај мене како на парламентарец побудува интерес кога има ваква констатација, што тоа дефакто значи? Кој е тој обем? Таа контрола е битна од ова ниво. Инаку, ако е тоа занемарливо ниво тоа е занемарливо и за Парламентот. Ако е од некое повисоко ниво тоа е задача на

Парламентот да го разгледа пред јавноста или на затворена седница, за што исто така имаме уставни механизми.

Јас само ќе кажам дека не се работи во овој случај за недоверба кон оние на кои им ги доверуваме уставно задачите за борба против овие активности, туку се работи за тоа дека уставно ние одговорноста мора да ја сносиме подеднакво секој во својата надлежност. Ја само ќе кажам еден пример на таква затскриена, можеби и ненамерно дејствување од страна на Владата кога нас, парламентарците, не доведуваат во непријатна ситуација. Во друг домен е примерот. На пример ние тука имавме излагање на Државниот секретар Вилијам Пери, едно убаво образлагање, се сеќавате, за неговиот настап пред Парламентот до нашиот Парламент достави една убава голема книга во која тој образложува каде одат парите за народна одбрана во Америка. Тоа се огромни милијарди, стотици илјадници милијарди долари. Тоа го доста Тоа го имаше Американскиот конгрес како инструмент за контрола врз трошењето на парите за вооружување во Америка.

Кај нас, дојде Буџетот за 1997 година. Ние го усвоивме бе еден збор, за една замашна сума на денари за кои гласавме, некој не гласаше, Парламентот гласаше за опрема за АРМ. Вооружување и опрема, од прилика така гласеше . И, ние го изгласавме за да после два месеци министерот за одбрана во јавноста, на изгласан Буџет даде образложение дефакто за што се тие пари наменети.

Во тој момент се третираа како недоволно битна информација за Парламентот. Можеби поинаков вид на доверлива информација, незнам. Со оглед дека не ни беше доставена, ниту писмено,ниту усмено, мислам дека се работело за некаква информација со степен на доверливост.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (продолжение)

После два месеци минситерот за одбрана на радиото кажа за што се работи. За набавка на толку авиони, такви системи - вакви системи. Без таа информација за Буџетот е излишна информација за крајот на февруари 1997 година. Таа информација се соопштува во ноември 1996 година пред да го гласаме Буџетот. За да можеме ние како парламентарци да оцениме, сега правам дигресија, се надевам дека не излегувам од дневниот ред, за да оцениме дали таков воен буџет ни е потребен. Ние се расправаме овде за еден милион денари, за спорт, дали е врвен, или олимписки или е обичен, а не расправаме за милијарда денари со една ставка без никакво образложение. Што значи во тој домен контролата на Парламентот затаила. Не само ние што немаме механизам, туку затоа што сме помислиле дека веруваме амблок. Јас одговорно кажувам. Да го чуев тоа образложение ќе барав парламентарна расправа за таква воена потрошувачка. Ќе размислував како ќе се изјаснував и како ќе давам со Буџетот како мое мислење, како уставно овластен субјект кој гласа со таков буџет. Ја правам паралелата за да укажам дека екс пост информациите може да бидат некорисни. Истото е и со оваа работа. Нам ни требаат сега информации за овие состојби кои се само наведени за каква мера се работи. Не мора да се даваат информации во јавната расправа кои не се за јавноста. Меѓутоа квалитативното врз основа на што јас како парламентарец ќе дојдам до сознание, не затоа како комисијата ја извршува работата, нити за тоа како дирекцијата ја извршува работата, туку ќе дојдам до сознание за каква безбедносна состојба се работи во државата. Инаку се вртиме во кругот. Тие си ја вршат работата, Комисијата си прави извештај, ние го гледаме, а дефакто ние како парламентарци задолжени за одговорноста за таа работа немаме информација, туку склучува со државата. Освен

констатација дека има привремено присуство на екстремни национализми, или на континуирање активности. Во кој обем не знаеме. Квалификативите на изречените квалификации за мене се многу битни за овој извештај. Многу битна компонента. Доколку е потребно во таа сфера да се разговара и на затворени седници, јас сум спремен и за тоа да разговара Парламентот. Ние имавме и сега на парламентарна расправа влегува случајот на такви квалификации. Извинете, јас не можам да ја сносам одговорноста за состојбата во државата, доколку ги немам информативните информации, не јас, туку Парламентот и другите органи во државата доколку немаат елементарни информации што се случува во државата. Јас го очекував тоа од извештајот на некој начин. Мислам дека таа цел не е постигната. Јас сум во дилема дали да гласам за извештајот. Не за овој извештај, туку да гласам за пракса да воведеме начин на контрола над овие институции, дефакто, кое отстапува од јас што мислам. Затоа што еднаш, двапати вака ние понатаму веќе ќе воведеме пракса дека е тоа контролата во суштина, дека не е нешто друго. И ќе ја воведеме праксата на спротивставување на ова што го кажав помеѓу г-динот Вилијам Пери и нашиот министер за одбран. Едниот екс санте, едниот екс пост им кажува на пратениците за што гласале. Затоа што ние дефакто помисливме дека не е битно. Мегутоа, сега гледаме, кога Буџетот е во таква рестриктивна ситуација ние одделни државни функции да не можеме да ги оствaруваме минимално, некои не ги остваруваме во одреден период јануари - февруари, за кој нема потреба сега да зборуваме, а добиваме информации кои државни функции на кое ниво на друг начин ги остваруваме. Јас ќе размислував за тоа.

Сега таа информации ние сосема непотребна. Така и за оваа работа. Информацијата за нас е значајна сега да ја добиеме. Зашто дефакто се работи? После може да остане безначајна  И уште да кажам дека логиката за мене е неприфатлива која очигледно во извештајот се проблекува од највисоки нивоа. Филозофијата дека јас знам, членовите на Владата не знаат, односно ако тие не знаат нема да знае ни Комисијата за контрола, односно ако не знае комисијата за контрола, нема да знае ни Парламентот итн., мислам дека е јасно до каде е нашиот однос. Да се разбереме, никого не критикувам вон од овој Парламент. Да се разбереме, да не бидам погрешно сфатен од присутните членови на Владата и нивни заменици. Јас дефакто го критикувам Парламентот кој не покажува сериозна волја да контролира однесувањеа што ги дава на Владата со свои закони, кој дефакто не сака да се чувствува одговорен, не само за законодавната дејност, туку и за контролата на работата на институциите кој ги основал. Ние имаме една поширока пракса на гледање на извештаи на токов начин. Господинот Темелковски минатиот пат кажа по повод еден друг закон за игри на среќа. Си носиме закони за игри на среќа, приватизирани или не, извештаи во минатите години не гледаме. Тоа не е однос на Лотарија или на Владата или на Министерството за финансии, тоа е наш однос кој не станување да застанеме на патот на инфериорноста на Парламентот која ја градиме дефакто. Ја градиме постапно, цигла по цигла да стигнеме до позиција на законодавниот дом во пежоративна смисла, во вулгарна смисла сфатен законодавен дом, кој носи закони, кој не контролира дали се спроведуваат од страна на органите добро, кој не контролира дали органите функционираат добро што имаат други овластувања кој не се законодавни, а ги даваме со законите на тие органи и ние се доведуваме во една ситуација на тело кое дефакто не може веќе и закони да носи.

IX/4.-

Ако не гледа што се случува со постојните закони, како тие функционираат, како тие се спроведуваат како ги носиме нови закони. Ние сме осакатени од една многу значајна фаза во донесувањето на законите. Дали се спроведува претходниот закон, кој го спроведува, како го спроведува, кои се негативностите на тој закон, па да носиме нов закон или промена. Ова истото како генерално што го спомнувам во овој извештај се провлекува, ние се откажуваме од контролата. Не навлегувам, повторно ќе кажам по втор пат во доменот на тоа колку може да се изнесе пред Парламентот. Може да се изнесе на ваква седница во ваков извештај, може на ваква седница со квалификативи, на затворена седница. Меѓутоа, ние мора да имаме некаков увид како пратеници. Сега јас ек гласам аз извештај за кој прво самото чутење никому ништо не му кажувам. И тоа што му кажува повеќе му отвара прашања, отколку што му затвара прашања. И тоа што не сме го знаеле ни се отвара уште 10 прашања. Меѓутоа ниедно не ни се затвори. Малку сум можеби не иритиран, не разочаран можеби не понижен од односот на Комисијата која пред нас го извлекува Извештајот и нема ниедна единствена реченица да каже за себе дека мисли дека добро ја вршиме гласајќи за овој извештај контролата. И таа самата тоа не го кажува во извештајот, туку пасивно очекува ние да се провлечеме низ таа констатација, некако не напишана. Гласајќи за извештајот дефакто мислиме дека вршиме контрола над работа на оваа Служба. Меѓутоа, барем тоа и да беше подецидно напишано.

IX/5.-

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, г-динот Никола Поповски со право укажа дека проблем на воспоставување на мост помеѓу Парламентот и Владата. И тука е генерален проблем. Во рамките на овој генерален проблем, односно во рамките на ова колку ќе се наметне Парламентот над извршната власт на Владата го гледам и проблемот на Комисијата. Значи ова е еден генерален проблем кој даде примери во кои се сфери се однесува односот помеѓу парламентарната, односно извршната и законодавната власт. Оттаму, јас го гледам проблемот таму колку овој Парламент и неговите комисии ќе успеат да се наметнат над извршната власт , значи на Владата и на Дирекцијата во конкретниот случај, колку ќе може да врши контрола над овие институции, во конкретен случај на Дирекцијата. Сега не е кажано дека и Комисијата не ја врши својата функција, таа самата нема пофални зборови. Тоа е од повеќе причини.

Прво, затоа што овој е прв извештај и второ, сакајќи на пратениците да им се даде поголема ширина глава IV ако забележавте таа не е напишана од Комисијата. Тоа е фактички резиме кое Дирекцијата го достави до Комисијата и таа е пренесена во едни кратки црти кој можат да бидат и поопширни во овој извештај, со цел Парламентот пошироко да биде запознаат со работата на Дирекцијата, не само на Комисијата. Суштината на Парламентот, јас ги сфатив така дискусиите, да биде запознаат со работат ана Дирекцијата, односно разгледувајќи го извештајот на Комисијата, Парламентот ја разгледува пред се работата и на Дирекцијата, не само на Комисијата. И добро е што се отвори една расправа, која ќе биде како насока и за Комисијата и за Парламентот како во иднина да работи.

IX/6.-

Инаку, како што кажа г-динот Поповски, доколку бегло би се поминало преку овој Извештај, тоа би значело дека се прифаќа една пракса да не се разглобуваат проблемите. И јас би ги повикал уште еднаш пратениците кој можат да дадат, не само на оваа седница туку во секое време свои сугестии и насоки и конкретни забелешки. Бидејќи имаше доста конкретни забелешки на овој Извештај, меѓутоа имаше и некој пастрактни кои не можевме да ги разбереме и не знаевме како да ги примениме, односно оние забелешки кои сметаат дека не се доречени да ги доискажат, односно да ги појаснат во писмена форма до Комисијата.

Уште еднаш би кажал дека Комисијата за овој дел 1Утој што го постави и г-динот Поповски прашањето, не може да одговара бидејќи тој е Извештај на Дирекцијата вграден во .Извештајот на Комисијата и за тој дел IV не можеме да даваме никакви одговори.

Тука може само претставникот на Владата да даде одговори. Уште еднаш ги повикувам пратениците да дадат конкретни забелешки кои ќе ги вградиме, а треба да се гради пракса и тоа позитивна во изградување на мост помеѓу Парламентот и Владата, односно наметнување на Парламентот, телата и комисиите над работата на Владата и извршните органи.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Мислам дека ќе го делите моето мислеше дека едно е добро што денеска расправаме. Ја ќе додадам дека во овие шест години колку седам во овие клупи за вакви прашања не се расправавме,.

Према тоа од тој аспект мислам дека извештајот заслужува внимание. Меѓутоа, штос е однесува до неговата содржина, штос е однесува до забелешките кои тука се изнесоа, фактите постојат. И од тој аспект мислам дека треба да извлечеме поука како да почнеме

да работиме, не дека ќе ја постигнеме целта што се дека, бидејќи тоа е еден долгорочен процес во кој допрва треба да одиме. Дека има пропусти, еве јас лично ќе кажам и од еден друг аспект. Знаеме дека Комисијата е орган на овој Парламент. Меѓутоа, добиваме материјал кој што Извештајот го оценува и Владата. Чиј орган е Владата. Владата го оценува документот на нашата комисија. Мислам за одредени работи добивам дофрлување дека така пишува во Законот. И доколку така пишува, мислам дека не треба да биде така. Каде се остварува функцијата на Парламентот. Во никој случај не може да се оствари функцијата на Парламентот, ако вака се работи. Уште на почетокот кажав дека е добро што расправавме. Меѓутоа сигурно ќе извлекуваме поуки и посебно е тоа што оваа Комисија не ни функционира во рамките на Законот. Тоа што самите господа го истакнаа. Треба тие чекори да ги преземеме за да до некаде ја насочиме работата. Инаку, верувајте дека крај на работата на оваа Комисија никогаш нема да има.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Само да ве потсетам, за да нема недоразбирања. Верувам кога сте го гледале извештајот сте го консултирале и Законот за внатрешни работи. Ова е само едно потсетување. Во член 18 вели: "Комисијата до Собранието на РМ доставува Извештај за извршената работа најмалку еднаш годишно и став 2 пред доставувањето на Извештајот поставка 1 на овој член Комисијата е должна да го достави Извештајот до Владата

на Република Македонија, заради прибавување на мислење од аспект на заштитата на тајноста на одделни негови делови".

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро е што дискутираме како што рече Ајдарага и тоа е проблемот на денешнава седница. Ние се вртиме во еден круг. Мене ме радува што колегата Никола Поповски прави напори да го отвориме тој круг. Комисијата прави г-осподо извештај врз база на податоци од Министерство што спаѓа во Влада, а потоа за тој свој извештај добива согласност од Владата, или мислење. Тоа е кругот. Очигледно г-до јасно ние, овде неколку пратеници зборуваме двеипол години извршната власт не дека доминира над нас, како Парламент, туку практично ние како Парламент сме нивни сервилни извршители. Тука гласаме и изгласуваме. Ние буџет донесовме за еден ден. Сакаме во тој Буџет да ги видиме позициите кои денеска ги дискутираме и цениме дека се многу битни и важни. Јас од оваа говорница апелирав дека Буџетот на Република Грција се донесуваше седум дена. Точно. Со непрекидна работа сабота и недела. Господо не можам јас да понесам одговорност и за овој Извештај и за доминацијата на извршната власт, затоа штос знае дека колку- пати сме бараме тука информации ние неколкумина од другава страна не можеме да изгласаме тие информации да бидат на дневен ред. Има и сега барање за информации, од актуелнтие состојби. Вие сте тие од мојата десна страна кои што доминирате со овој Парламент, Владата е ваша, вие сте тие кои што одлучувате дали ќе изгласаме или не закони. Не може да падне само одговорноста кога не сум моќен. Вие ќе ја понесете одговорноста и се разбира, и славата и

поразот. Према тоа, добро е што увидуваме сите полека дека ваквиот начин на работа на Парламентот веќе почнува нас да не навредува, да не понижува. Па колкупати ние сме биле понижени, од 15-тина министри на крајот да не остане ниеден, па нели е тоа понижување. Ние не сме удостоени тука да имаме една комплетна постава, да имаме една расправа, коректно, конструктивна. Ние сме законодавна власт. Ние мораме на Владата да и пренесуваме што се случува со донесените закони затоа што ние сме претставници од народот господо. Ние не сме претставници од Владата. Ние ја бираме Владата. Меѓутоа, нас не бира народот, граѓаните. И со право нам ни се обраќаат. Од нас бараат разрешување на прашања, од нас бираат актуализирање и поставување на одредени проблеми. Ние се лажеме дека имаме еден идеален спој со Владата. Мораме ние да прифатиме еднаш подобро за да понатаму идните состави на овој Парламент сепак да бидат похрабри и да бидат поставени една позиција на рамноправен партнер. Инаку, овој Извештај за разлика од неколку колеги пратеници без оглед и за мојот литеч став како прв извештај, за една најспецифична област која што гледаме дека и самите ние не можеме да го најдеме крајот што е тоа што треба да го имаме напишано, што е тоа што треба тука даб иде презентирано, што е тоа што треба да остане државна тајна. Во прилог на работата на Комисијата како прв извештај сепак сум и апелирам ние денеска овој извештај да го прифатиме со сите забелешки и со она што во овој извештај нема да прифатиме дека треба идниот да го чека целиот мандат. Сепак жеден извештај до крајот на оваа година да биде поднесен на еден поинаков начин, покомплетиран со многу повеќе податоци и аргументи, затоа што с§ она паушално речено постои, има, има непријател, па се враќавме постојано кога ние гоневме непријател внатрешен, па надворешен, па потоа внатрешен. Сега одеднаш имаме и

надворешен и внатрешен непријател. Дајте да ги видиме кои се. Ако е тој значаен да се противставиме. Не сакам можеби и да бидам во друштво на некои што припаѓа на таа група. Утре може би ќе бидам во состојба да треба да коалицирам со таква група, или партија. Да бидеме отворени, Зошто тоа ние да не го занемам. Треба да го знаеме, за да можеме да одбраниме. Ако ние оставиме на таа комисија да ни поднесе извештај само тука проценти на ова, проценти на она, мислам суштината не е таа. Суштината е контрола, меѓутоа, треба да се контролира што нас не ние достатно преку средствата за информирање, или во секојдневниот живот. Значи нешто што е како привилегија за нас како членови на овој Парламент. Во противно, ние сме обични граѓани и што пишуваат весниците и жолти и зелени и црвени итн., сето тоа ќе го апсорбираме и ќе го филтрираме. Ова се податоци кои што за нас треба да бидат една насока, за да ние бидеме на висина на одговорноста за кое што се залага колегата Поповски.

**ФАИК АБДИ:**

Господин претседателе, дами и господа пратеници,

Според мене расправаме за една многу супстилна материја и според мене материја за која што треба да размислиме многу и за расправа пред јавноста.

**ФАИК АБДИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Ајде да се погледаме себе си што гледаме и какви филмови за мешано КГБ, па американската државна безбедност итн. и сега таман работа да очекуваме од нашето Министерство за внатрешни работи или Службата за разузнавање во делати да ни опише како работи, што работи, како открила, што открила и што се случува во подрачјето на Република Македонија, кои се елементите, кои се носителите итн. Мислам дека такви податоци не се даваат, тие можат да одат исклучиво на некоја наша комисија за контрола на работата на Службата за државна безбедност, да не дојде до узурпираше на правата на граѓанинот и човекот. Меѓутоа, има работи кои што не се достапни на јавноста, па понекогаш не се и за Парламентот. Да кажеме Министерството за одбрана дали има многу пари според Буџетот, а се гледа на друга страна како да го поистоветуваме Министерството за одбрана и она што го донесовме Зако- нот за намалување на данокот на промет итн. во некои случаи не се прави споредба за спорт и Министерство за одбрана итн., тоа се работи кои што, да се разбереме, ова е држава. Се сложувам со тоа дека треба и намалување на данокот на промет за облека на децата итн., гласам за таа измена на законот, но само да ви кажам тука има членови од Комисијата за надворешни работи на која што беше потпретседател Јане Миљовски, а јас поставив едно прашање до него и госпоѓата Илинка Митрева предложи да се исклучи јавноста. И се обистини она што ние зборувавме по враќањето на господинот Јане Миљовски од Брисел дека се она што се случува кај нас внатре во државата и околу нас, кога некој оди на викенд и патува кај можеби најголемиот да кажам во Америка или не знам каде не зборува арно за оваа да кажеме актуелна власт и тн. Сега довербата и

поведението од другите према нас е малку поинакво, не малку, туку е многу поинакво и евет и на некој начин 15 милиони, а другото е нешто друго, па сакам да га кажам дека не би требало ва- ка да,се зборува за вакви извештаи, туку треба да се прифатат и во иднина бараме нешто поконкретно, меѓутоа јавноста е исклучена и претседателот на Парламентот, претседателот на Владата и ресорното министерство нека дадат изјава па после 10 или 20 години нека има и снимање на филмови. Иако можеби ќе се смета дека не е демократично ова што го кажувам, меѓутоа, да излеземе сега надвор да видиме што има онаму, од онаа страна и ќе ни биде се јасно.

Поради тоа јас предлагам да не бараме многу детали, да не бараме вошки во глава итн.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Господин Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, и јас би сакал свое мислење во врска со овој извештај, бидејќи како што беше кажано дека прв пат на некој начин се доставува еден извештај од една комисија која што со закон, како што знаете, е формирана. Јас најнапред би сакал да поставам две прашања, кои што ми се потребни за да изградам еден јасен став и еден однос према извештајот како да се определам.

Прво, сакам да слушнам од претседателот на Комисијата кој дел од извештајот, дали во целина е доставен до Владата на Република Македонија во врска со тоа каде што се бара мислење.

X/3.-

Да бидам јасен дали станува збор само за извештајот во страна 4 или 3 каде што се зборува за тоа Комисијата што работела во изминатиот период, кои прашања итн. ги поставувала на дневен ред, или и резимето кое што е дадено врз основа на извештајот од работата на самата Дирекција. Мислам дека тоа е многу важно прашање за еден однос на самите пратеници во врска со изјаснувањето. Сакам да го слушнам тоа. Значи, дали е во целина вака даден, па е вратено мислењето како што е дадено од страна на Владата, или пак е даден само дел од работата на самата Комисија без резимето.

Второ прашање кој го изврши изборот на прашањата кои што се вметнати во резимето. Дали е тоа од страна на Комисијата или од некој друг.

Трето, не ми се јасни судбината на овие два, три заклучоци кои што на крајот од самата информација се дадени. Мислам дека дали тие на некој начин се бара од страна на Собранието не знам што, претседателот на Собранието што има во сценариото, како дефинитивен заклучок, дали се тие два заклучоци. Ако се тие и во заклучувањето или нешто друго, би сакал да знам бидејќи едниот заклучок е контрадикторен и не е јасен. Каде што се вели во смисла "заклучи Комисијата", дека тоа што го побара од Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање е дадено и овозможено и изврши увид, а ДБК изрази готовност и во иднина на Комисијата да и овозможи да извршува вакви увиди. Па, тоа е законска обврска. Според тоа, каков е тој израз "изрази спремност". Едноставно оваа комисија тоа може да го бара, бидејќи ние на некој начин тоа со законот го регулиравме. Јас сакам тие работи да ги слушнам.

X/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господин Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, бидејќи господинот Поповски го интересираше дали е даден извештајот до Владата во целина заедно со глава IV, ако го разбрав добро, да му одговорам дека извештајот е даден во целина заедно со глава IV комплет вака како што ви е доставен вас, така е доставен и до Владата.

Што се однесува до изборот на прашањата, односно изборот на точките, членовите на Комисијата ги вршеа во договор со одредени комисии, бидејќи како што ви е познато на овие комисии, на седниците на комисиите можат да присуствуваат и другите пратеници кои не се членови. Така што на седниците на овие комисии во неколку наврати присуствуваа и други пратеници, се разбира, тоа е согласно со Деловникот, така што, главно, одговорот е тој дека пратениците односно членовите на Комисијата ги дадоа овие точки кои се ставени. Сега немаше некои забелешки, односно сугестии од комисиите, па затоа е останато само на овие точки. А сега беа изнесени одредени забелешки, кои што ќе бидат вградени.

Во однос на извештајот да му одговорам на господинот Љупчо Поповски дека е во целост доставен до Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ве молам, имаше во дискусијата истакнати односно предложени некои активности на некои субјекти, но како Предлог - заклучок во писмена форма, што е и деловничка обврска, до мене нема пристигнато. Според тоа, дозволете врз основа на расправата да ви предложам еден заклучок:

Прво, Собранието го усвојува Извештајот за работа на

Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност во периодот од февруари 1995 до април 1996 година.

Второ, Комисијата во натамошното работење да ги има предвид искажаните мислења, сугестии и предлози во расправата на оваа седница изнесени по извештајот.

Трето, овој заклучок заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Владата на Република Македонија и до Комисијата за надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање.

Кој е за предложениот заклучок, молам нека крене рака?

52 пратеника гласаа за.

Дали некој има против?

Двајца пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

Девет пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точка 8 - Избор на претседатели на основните судови во Кратово, Радовиш и Струмица.

Предлогот на Републичкиот судски совет ви е доставен.

Отворам претрес.

X/6.-

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Преминуваме на гласање.

Предлогот Миле Стојменовски да биде избран за претседател на Основниот суд во Кратово, го ставам на гласање.

Молам, кој е за, нека крене рака?

11 пратеници гласаа за.

Гледам дека уште еднаш сакате да се гласа.

Молам, кој е за предлогот?

15 пратеници гласаа за.

Дали некој има против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање?

50 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Миле Стојменовски не е избран за претседател на Основниот суд во Кратово.

Предлогот Бранко Димитров да биде избран за претседател на Основниот суд во Радовиш, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

59 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање?

Шест пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Бранко Димитров е избран за претседател на Основниот суд во Радовиш.

X/7.-

Предлогот Нада Бајрактарова да биде избрана за претседател на Основниот суд во Струмица, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

63 пратеници гласаа за?

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање?

Тројца пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Нада Бајрактарова е избрана за претседател на Основниот суд во Струмица.

На новоизбраните претседатели на основните судови им го честитам изборот и им посакувам успешна работа.

Минуваме на точка 9 - Предлог на одлука за именување на секретар на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Господин Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Во име на пратеничката група би сакал да ве запознам со ставот во врска со изборот на новиот секретар на Собранието на Република Македонија. Фактички, со изборот на новиот секретар на Собранието на Република Македонија му престанува мандатот на досегашниот секретар на Собранието, господинот Игор Спировски. Оценките на пратеничката група на Либералната партија се дека господинот Игор Спировски во овој изминат период, додека ја извршуваше функцијата, секретар на Собранието, тоа го правел стручно, професионално, непристрасност

спрема било која политичка групација застапена во Парламентот и дека ниедна работа која била од важност за активностите на Собранието на пленарните седници на комисиите, не била доведена во прашање поради неадекватна поставеност од аспект на функциите на секретарот на Собранието на Република Македонија.

Сметаме дека со ваквиот чин на избор на нов секретар без пред тоа да се даде негативна оценка за незадоволителни евентуални резултати од работата на досегашниот секретар на Собранието дестимулативно ќе делува во натамошниот период за ангажирање, односно заинтересираност на млади стручни кадри својата перспектива да ја гледаат преку ангажирање и вработување во такви државни институции каде што не е потребна партиска лојалност.

Ние немаме ништо лично против новопредложениот кандидат на Собранието, само изразуваме надеж дека, пошто претпоставувам дека ќе биде избран, дека во наредниот период својата функција ќе ја врши согласно Уставот на Република Македонија, законите и Деловникот за работа на Собранието и дека ќе има подеднакво однос и третман кон сите политички партии, односно пратенички групи и поединци застапени во Собранието на Република Македонија и дека ова нема да биде негативност во работата на Собранието на Република Македонија од аспект на создавање на услови конечно во Македонија државната администрација да делува според стандарди и принципи на висока стручност, професионалности, непартиска припадност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, како што рече господинот Коцевски на господинот

Игор Спировски, мандатот му истече и не станува збор за негатив- на оценка за неговата работа во изминатиот период.

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?

65 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање?

Девет пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека за секретар на Собранието на Република Македонија е именуван Горѓи Стрезовски.

На досегашниот секретар Игор Спировски му благодарам за одговорната и високопрофесионална работа и му посакувам многу успех во натамошниот негов ангажман.

Минуваме на точка 10 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

X/10.-

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

67 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за из- менување на Одлуката за избор на претседател и членови на Ко- мисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

XI/1.-ЛП/0М

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Преминуваме на Единаесеттата точка - Предлог одлука за огласување и избор на претседател на Основниот суд во Битола.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам предлогот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

67 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување и избор на претседател на Основниот суд во Битола.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Шеесет и првата седница на Собранието.

(Седницата заврши во 15,20 часот).